**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**
**од Третата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 12 ноември 2002 година**

Седницата се одржа во салата за седници на Собранието на Република Македонија, со почеток во 10,30 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше г-дин Никола Поповски, претседател на Собранието на Република Макеоднија.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Дами и господа пратеници,

Ја отворам Третата седница на Собранието на Република Македонија.

Ве молам да притиснете на едно од копчињата на системот за гласање за да го утврдиме бројот на присутни пратеници во салата.

Ве молам сите да пртиснете на системот за гласање на едно од копчињата.

Издадени се 80 картички, притиснале 61 пратеник, значи м ожеме да работиме.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

На седницата се поканети претседателот на Република Макеоднија, г-дин Борис Трајковски, претседателот и членовите на Владата на Република Македонија, претседателот на Државната изборна комисија, претседателот на Републичкиот судски совет, Јавниот обвинител на Република Макеоднија.

Записникот од Втората седница на Собранието Ви е претходно доставен.

Дали некој од пратениците има забелешки на записникот?

Дали има некој забелешки? (нема)

Доколку нема забелешки, констатирам дека записникот од Втората седница на Собранието на РМ е усвоен без забелешки.

Почитувани пратеници,

Пред да продолжиме со работа предлагам г-динот Мусо Џафери, да даде свечена изјава кој беше избран за член на Владата да даде свечена изјава, бидејки не беше во можност да присуствува на чинот на давање на свечена изјава на членовите на Владата.

Молам, на г-динот Џафери да му се даде изјавата.

(На г-динот Муса Џафери му се дели текстот на свечената изјава).

Го м олам г-динот Џафери да стане и сите членови на Собранието да станеме.

(Присутните во салата станувааат).

Господине Џафери, Ве молам да повторувате:

“Изјавувам дека функцијата министер без ресор во Владата на Република Македонија ќе ја вршам совесно и одговорно, ќе го почитувам Уставот и законите на Република Македонија”.

(Министерот Муса Џафери ја повторува свечената изјава по претседателот на Собранието).

Го молам г-динот Муса Џафери да ја потпише свеченат аизјава.

(Министерот г-дин Мусо Џафери ја потпишува свечената изјава).

Благодарам, продолжуваме со работа на седницата на Собранието.

Ве известувам дека Каролина Огњановиќ-Чукалиева поднесе оставка на функцијата секретар на Собранието на Република Македонија.

Согласно членот 111 од Деловникот на Собранието, секој носител на јавна функција што го избир аили именува Собраието може да ја образложи оставката во траење од 15 минути.

Секретарот на Собранието г-ѓа Каролина Огњановиќ-Чукалиева ме извести дек анема усно да ја образложи поднесената
оставка.

Констатирам дек ана г-ѓа Каролина Огњановиќ-Чукалиева и престанува функцијата секретар на Собранието на Република Македонија.

Дозволете ми во ваше и во мое име на г-ѓа Каролина Огњановиќ-Чукалиева да и' се заблагодарам за досегашното залагање во извршувањето на функцијата секретар што ја извршуваше 4 години и да и' посакам успех во нејзината понатамошна активност.

Комисијата за деловнички и мандатно-имунитетни прашања предлага дневниот ред на оваа седница да се дополни со верификација на мандати на пратеници во Собранието на Република Макеоднија.

Го молам претседателот на Комисијата за деловнички и мандатно-имунитетни прашања да ја образложи основнат аи неодложн апотреба овој предлог да биде разгледан на оваа седница.

Има збор г-дин Кондарко Борис.

Г-дине Кондарко повелете.

БОРИС КОНДАРКО:

Благодарам почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Согласно Деловникот за работа на Собранието на РМ, во вакви случаи предлагачот на точката на дневен ред за верифиакција на новоизбраните пратеници во Собранието на РМ е должен да ја образложи итноста за поставување на оваа точка на дневен ред.

Со оглед на тоа што, согласно членот 16 од Деловникот на Собранието на РМ, Собранието е должно да ги верифицира мандатите на новоизбраните пратеници кои се стекнуваат со тоа право за остатокот од мандатот, согласно член 102 од Законот за избор на пратеници, му предлагам на Собранието на првата наредна седница, а тоа е оваа седница, да ја постави оваа точка на дневен ред бидејќи тоа е наша деловничка обврска што директно произлегува од Деловникот за работа на Собранието.

Ви предлагам, на Вас пратениците, да го уважите ова образложение за итноста од поставување на оваа точка на дневен ред.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам на г-динот Кондарко.

Знаете дека за предлогот за дополнување на дневен ред по образложениeто не се води дебата.

Предлогот на Комисијата за деловнички и мандатно-имунитетни прашања за верификација на мандати на пратеници да биде разгледан на дневен ред на оваа седница, го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Молам, вклучете го системот.

Гласале 68 пратеници, за гласале 67, 1 се воздржал, а никој не гласал против.

Констатирам дека предлогот на Комисијата е усвоен и точката ја ставаме на дневен ред.

Комисијата за прашања на избори и именвуања предлага дневниот ред на оваа седница да се дополни со Предлог на одлука за именување членови на Државната комисија за спречување на корупцијата.

Го молам претседателот на Комисијата за прашања на избори и именвуања да ја образложи основната и неодложна потребата Предлогот на одлуката да биде разгледан на оваа седница.

Повелете г-дине Јордановски.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници,

Знаете дека на 18 април оваа година е донесен Закон за борба против корупцијата според преодните одредби требаше да се формира државна комисија за борба против корупцијата, а во рок од 6 месеци. Тој рок е поминат. Во претходнито мандат таа Комисија не е формирана и ние сме должни како Собрание на оваа седница, затоа се предлага како итна точка во дневниот ред да ја формираме оваа комисија.

Во таа функција, Комисијата, на својата  четврта седница на Комисијата за прашања на избори и именвуања се состана и достави листа на кандидати за членови на Државната комисија за борба против корупција.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Ве потсетувам дека за ова одлучуваме без расправа.

Предлогот на Комисијата, Предлогот на одлуката да биде разгледан на оваа седница го ставам на гласање.

Ве молам да се вклучи системот и да гласаме.

Вкупно гласале 67 пратеници, за гласале 63, воздржани нема, против гласале 4.

Констатирам дека предлогто на Комисиајта е усвоен.

Комисијата за прашања на избори и именвуања предлага дневниот ред на оваа седница да се дополни со Предлог на одлука за именвуање членови на Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Макеоднија.

Го молам претседателот на Комисијата за прашања на избори и именвуања да ја образложи основната и неодложна потреба Предлогот на одлуката д абиде разгледан на оваа седница.

Има збор г-дин Јордановски.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Итноста на оваа точка може да се дефинира од две причини:

Првата е чисто формална, бидејки на досегашните членови на Фондот за здравство им истекнува мандатот.

Втората е, според мене по суштествена, произлегув аод принципот на одговорност. Имено, одговорност што новото парламентарно мнозинство и новата Влада ја презедоа со мандатот што им беше доделен со изборит еод 15 септември, со изборната програма и Платформата на Владата зад која што застанаа 200 илјади граѓани.

Мораме да признаеме и на Комисијата е длабоко убедување дека таа одговорност полесно ќе се ефектуира ако во Фондот се назначат нови луѓе кои стојат зад таа програма на Владата и на парламентарното мнозинство.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Предлогот на Комисијата, Предлогот на одлуката што беше образложено да биде разгледана на оваа седница, го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 65 пратеници, позитивно се изјасниле 64, воздржани нема, апротив гласал 1 пратеник.

Констатирам дека предлогот на Комисијата е усвоен.

Според тоа, за денешната седница го предлагам следниов дневен ред:

1.Верификација на мандати на пратеници во Собранието на Република Макеоднија.

2.Имеување заменици министри во Владата на Република Макеоднија:

3.Предлог на одлука за основање на постојани работни тела на Собранието на Република Макеоднија:

4.Предлог на одлука за основање делегации, пратенички групи и други облици на остварување на меѓународната соработка на Собранието на Република Макеоднија:

5.Предлог на одлука за основање на делегација за соработка со Европскито парламент:

6.Предлог на одлука за основање Комитет за односи меѓу заедниците:

7.Предлог на одлука за именвуање генерален секретар на Собранието на Република Макеоднија:

8.Предлог на одлука за именување генерален директор на Јавното претпријатие Македонска радио-телевизија:

9.Предлог за покренување постапка за разрешување од функцијата Јавен обвинител на Собранието на Република Макеоднија;

10.Предлог за разрешување на судија на Врховниот суд на Собранието на Република Макеоднија.:

11.Предлог за разрешување на судија во Основниот суд во Радовиш:

12.Предлог на одлука за огласување избор на судии на апелационите судови во Битола, Скопје и Штип:

13.Предлог на одлука за огласување избор на судии на основните судови во Крива Паланка, Радовиш, Гостивар, Прилеп, Скопје-И- Скопје и Тетово:

14.Предлог на одлука за именвуање на членови на Државната комисија за спречување на корупцијата:

15.Предлог на одлука за именвуање членови на Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Република Макеоднија.

Дали има некој предлог за изменвуање на предложениот дневен ред?

Констатирам дека никој не бара збор.

Предложениот дневен ред го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 66 пратеници, за гласале 65 пратеници, воздржан 1, против не се изјаснил никој.

Констатирам дека е усвоен предложениот дневен ред.

Минуваме на точката 1- Верификација на мандат на пратеници во Собранието на Република Македонија.

Извештајот на Комисијата за деловнички и мандатно именунитетни прашања Ви е поделен.

Отворам претрес по Извештајот на Комисијата за деловнички и мандатно именунитетни прашања.

Има збор претседателто на Комисијата за деловнички и мандатно именунитетни прашања, г-динот Кондарко.

БОРИС КОНДАРКО:

Комисијата за деловнички и мандатно именунитетни прашања на Собранието на Република Македонија се состан аи одржа седниц ана 11 ноември 2002 година. Притоа, оваа Комисија го разгледа доставениот Извештај од Државната изборна комисија за превземените дејствија на ДИК, согласно член 102 од Законот за избор на пратеници на Собранието на Република Макеоднија под број 07-796/1 од 7 ноември 2002 година кој Ви е доставен.

Врз основ ана член 125 од Деловникот на Собранието на РМ Комисијата за деловнички и мандатно именунитетни прашања на Собранието му го предлага следниот Извештај и притоа истата комисија , врз основа на член 102 став 2 од Законто за избор на пратеници и Извештајот на ДИК, констатира дека нема основ ниту пак причина за оспорување на верификацијата на мандатите на новоизбраните пратеници.

Исто така оваа Комисија, согласно член 12 од Деловникот за работа на Собранието на Република Македонија му предлага на Собранието да го верифицира мандатот на

следните пратеници избрани според пропорционалниот модел. И тоа: Весна Борозан, Благородна Мингова-Крепиева, Нелко Стојановски, Киро Дојчиновски, Сашо Дохчев, Емилија Костадинова, Благоја Гешовски, Гајур Сарач, сите предложени од Социјал демократскиот сојуз на Македонија, Либерлно демократската партија на Македонија, Демократската лига на бошњаците на Република Македонија, Обединетата бартија на ромите од Македонија, Демократската партија на србите од Македонија, Демократската партија на турците во Македонија, Демократскиот сојуз на власите од Македонија, Работничко-земјоделската партија на Макеоднија, Социјалистичко-христијанската партија и Зелената партија на македонија. како и г-динот Недим Мемишоски од Демократската унија за интеграција, Замир Дика од Демократската партија на албанците и Абдулади Вејсели од Партијата за демократски просперитет.

Тоа е Изветајот што Ви е поделен навреме до пратениците од страна на Комисијата за деловнички и мандатно именунитетни прашања и му предлага на Собранието да го усвои и да гласа позитивно по предложениот Извештај.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Дали некој бара збор по Извештајот?

Бидејки никој не бара збор го заклучувам претресот.

Го ставам на гласање Извештјот и Предлгоот на Комисијата за деловнички и мандатно именунитетни прашања.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 68 пратеници, за Извештајот и Предлогто на Комисијата за деловнички и мандатно именунитетни прашања гласале 67 пратеници, против не гласаше никој, а од гласањето се воздржа 1 пратеик.

Констатирам дека Извештајот и Предлогот на Комисијата за деловнички и мандатно именунитетни прашања се усвоени и дека со тоа е извршена верификација на мандатите на пратениците Весна Борозан, Благородна Мингова-Крепиева, Нелко Стојановски, Киро Дојчиновски, Сашо Дохчев, Емилија Костадинова, Благоја Гешовски, Гајур Сарач, Недим Мемишоски, Замир Дика и Абдулади Вејсели.

На сите пратеници на кои им е верификуван мандатот им честитам и им посакувам успешна работа во идните 4 години.

Ве известувам, за оние пратеници на кои сега им се верификуваше мандатот, дека , доколку имаат картички, од сега можат да гласаат, се вклучени во системот, а ако немаат, нека се јават на службата да добијат веднаш картички.

Минуваме на точката 2-Именвување заменици минситри во Владата на Република Македонија.

Предлогот за именвување заменици на министри Ви е доставен.

Ве потсетувам дека именувањето на заменици министри се врши со мнозинство гласови од вкупниот број на пратеници.

Гласањето ќе го извршиме по Предлогот во целина, со јавно гласање.

Отворам претрес по предлогот.

Молма, кој бара збор?

За збор се јави г-динот Љубисав Иванов.

ЉУБИСАВ ИВАНОВ ЅИНГО:

Господине претседателе,

Јас се јавив за збор да би се разбила оваа монотонија во Собранието, бидејки во Собранието најголем дел од опозицијата ја нема. Тука сме неколку примероци од таа опозиција. Некако , Собранието почна да ме потсетува дали е Собрание во кое што сум јас бил од поранешниот систем каде што пратениците практично се претвораат во гласачка машина и каде што , знаете, таквиот систем воопшто се третираше како едноумие, а едноумието продуцираше систем на недемократија, на диктатура и т.н

Јас како еден од узорците на опозицијата сакам да укажам на некои работи.

Прво, во Предлогот не стои кандидатите за заменици министри од која националност доаѓаат. Второ, не стои на која партија припаѓаат. Изгледа дека некој ќе помисли дека овие луѓе доаѓаат од вселената. Има биографски податоци, има и луѓе што завршиле на странски универзитети, ама недостасува тој дел.

Трето, на нешто што сакам да укажам е тоа кој е делокругот на работењето на овие заменици. Праксата и времето покажа дека ако министерот на заменикот не му определи домен на работа и не му даде што да работи, тој воглавно и не работи ништо.

Четврто, ќе беше добро предлагачот на замениците на министри тоа да го каже и да образложи за секој кандидат зошто го предлага за заменик министер во Владата на Република Македонија. Многу паѓа во очи дека нема млади луѓе, младинци. И згледа на младите се потсетуваме само во песните во литературата, а и во периодите кога се избори. А велиме дека светот им останува на младите. Ако е тоа така и дека треба тие да не заменат, тогаш ние треба полека да ги воведуваме во сите општествено политички токови.

Исто така, многу ќе ми беше драго да слушнам дека со изборот на замениците престанува партизацијата на државата, дека другите процеси, другите функции и другите

места ќе се пополнуваат по пат на конкурси објавени во средствата за информирање каде што луѓето ќе се натпреваруваат. Еве, тука разбрав дека 500 илјади луѓе гласале за оваа позиција, иако не ми е драго, би било добро за мене да гласале толку, ама тие луѓе не гласале само да бидат избирани и бирани само членови на партиите. Тие гласале за да и тие ја имаат таа можност и таа среќа да учествуваат во тие натпревари. Тоа нешто веќе не се случува. Укажувањата дека ќе си се продолжи да се работи постарото, веќе јасно и се манифестираат. Јас пред четири години бев во Франкфурт во Германија со еден мој пријател седевме и ја слушнав изјавата на господинот Фишер кој беше избран за министер за надворешни работи на германската влада . Новинарите му поставија прашање, вие денеска сте избран за министер за надворешни работи, а утре патувате за Париз, па за Брисел, кога вие ќе се запознаете со работата? Тој рече на вас ви е познато дека ние во Германија со години традиционално е да се менува само министерот и заменикот на министерот, а се останато останува исто. Кога ние ќе почнеме вака да работиме? Сега ако продолжиме со таа пракса кога ќе дојде некоја нова влада исто така ќе менува од министер до курир. И каде е крајот на тоа? Каде се тие наши големи поделби, делби. Кога ние ќе имаме професионални луѓе, професионалци, кога ќе имаме квалитетни луѓе, кога на местата на кои што сакаме да ги поставиме тие луѓе ќе ги изложиме на конкуренција, да дојдат способни луѓе, да дојдат квалитетни луѓе, компетентни луѓе, а власта да има до едно ниво до кое таа ќе се манифестира. Тоа развиените земји од Запад, демократските земји го определиле до заменик министер. Можеме ли ние некое ниво исто така да избереме и да кажеме , до тоа ниво и од тука натаму се ќе биде јавност, гласност, конкуренција, борба. Мислам дека секој човек што размислува и сака да направиме држава, а и да влеземе во интеграција со тие структури на Запад, ЕУ кон која тежнееме 12 години, а се повеќе се оддалечуваме. Ние мора да извршиме промени и реформи на нашата свест и на нашето однесување. Ние мора да покажеме култура, демократска култура, демократско однесување, цивилизаторски односи, мораме да израснеме над некои партиски стеги кои што ја опкружуваат и ја оптоваруваат, мораме да покажеме ширина, висина на своите однесувања, мораме да ги измениме навиките и однесувањата кои еве, траат 12 години непрекинато и кои страотно негативно се одразуваат на целокупниот наш општествено-политички живот. Моите настојувања во тој правец се само ние да излеземе од еден голем морален хаос од едни состојби кои ги створивме самите и кои што практично ни донесоа големи непријатности за една деценија и кои не вратија многу назад. Јас би сакал во тој правец да размислува и нашиот премиер, да размислува и целата Влада да размислуваат и партиите кои што се во таа Влада и да се ослободат од сите сопственички интереси, да израснат над овие

нивни желби кои практично носат големи негативности и не уназдуваат како земја. Според тоа, бидејќи ова е сега избор на заменици што е и нормално . Мислам дека понатамошните било кои наименувања и било кои предлози да поминуваат низ една процедура каква што се обавува во развиениот свет и кон светот кон кој ние се приближуваме.

НИКОЛА ПОПОВСКИ;

Инаку само за потсетување, процедурата на избор на заменици е опишана со Законот за државните органи на управа и со други закони и таа е запазена и не подразбира одење на конкурс за избор на заменик министер.

За реплика се јави господинот Љубисав Иванов Ѕинго.

ЉУБИСАВ ИВАНОВ ЅИНГО;

(Не се слуша).

НИКОЛА ПОПОВСКИ;

При барањето на збор не го вклучивте микрофонот.

Господине Иванов, ако барате збор мора да го притиснете копчето каде што пишува: пријава за дискусија.

За збор се јави господинот Трифун Костовски.

ТРИФУН КОСТОВСКИ;

Јас имам конкретно прашање чисто од принципиелен начин. Кој го изготвува Предлогот за замениците? Второ, материјалот за господата кои треба да ги исполнуваат тие услови за мене не е комплетен,.Ако е тоа кратка биографија , тоа е една работа. Бидејќи се работи за одговорни места потребно е за сите работи кои што ги извршувале да има и поткрепа со документација, односно поткрепа дека тие свои функции успешно ги извршувале. Тоа е се со една цел да имаме пред нас јасна слика и пред нас пратениците и пред нашиот аудиториум за кој тип на луѓе се работи.

НИКОЛА ПОПОВСК:

Со оглед дека господинот Костовски праШа кој е предлагач на точката согласно Законот предлагач на замениците е претседателот на Владата на Република Македонија.

Има збор господинот Петар Апостолов.

ПЕТАР АПОСТОЛОВ:

Господине претседателе, дами и господа пратеници, искрено да ви кажам не мислев да се јавам за збор. Но да ви кажам искрено гледајќи ги овие години што се работи во Парламентот, со какви демагошки работи зборуваа. Ме поттикна господинот Ѕинго, баш класичен пример на демагогија. Јас само кратко би го прашал. Бараше млади кадри, бараше конкурси, бараше правилници, само би го прашал зошто вие господине Ѕинго не го отстапивте местото на некој млад човек од Социјалистичката партија, па денеска со него да бевме заедно во овие пратенички клупи?

ЉУБИСАВ ИВАНОВ ЅИНГО:

Во недостаток на аргументи човекот си применува методи кои се веќе видени во овој Парламент. Ако сака да напредува треба да каже нешто ново.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

За реплика се јави Петар Апостолов:

ПЕТАР АПОСТОЛОВ:

Не би сакал јас да реплицирам подолго. Господинот Ѕинго е веќе виден на малите екрани. Реплика ќе даде јавноста.

ЉУБИСАВ ИВАНОВ ЅИНГО:

Овој господин не се претстави на која партија припаѓа. Очигледно тој залутал тука во Парламентот.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Јас ќе ве замолам сите учесници во дебатата да водиме грижа за дигнитетот на колегите во Парламентот.

Дали некој друг бара збор?

За збор се јави господинот Иван Стоиљковиќ.

ИВАН СТОИЉКОВИЌ:

Господине претседателе, за да се избегне сликата дека во Собранието повторно се случуваат старите работи, значи се води расправа без аргументи и расправа колку да се каже нешто. Јас би сакал само да потенцирам дека во минатите месец, месец ипол по завршувањето на изборите во Република Македонија можевме да слушнеме во

македонската јавност многу приказни, приказни кои одеа до таму кој што се во Република Македонија ќе земе од деловите на власта, а многу помалку се зборуваше, или многу помалку јавноста во Република Македонија зборуваше кој што треба да даде. Јас сметам дека ако новата Влада на Република Македонија значи со министрите и сега веќе јас се надевам со идните заменици на министри утврди еден нов модел , или еден нов пристап во работењето , значи пристап кој, колку ќе придонесува во Република Македонија, а не кој колку ќе зема од власта во Република Македонија, тогаш ќе можеме да зборуваме, или тогаш ќе можме да се надеваме и ние тука во собраниските клупи, граѓаните на Република Македонија во промена не само на политичките состојби на теренот, туку и на промена на политичката свест во Република Македонија. Сакам да кажам дека по прв пат во Република Македонија , значи по прв пат во суверена и независна Република Македонија во органите на извршната власт партиципираат и припадниците на националните заедници кои како дел на коалицијата За Македонија заедно им припадна еден дел од извршната власт. Би сакал во името на Демократската партија на Србите во РМ да кажам дека тоа малку што го поседуваме како дел од власта во РМ го преземаме не само како дел од вршење на власта, туку како дел од една одговорна власт која и е потребна на граѓаните на Република Македонија. Значи спремни сме во наредниот период да ја преземеме и одговорноста за дел од извршната власт која ни припадна согласно со договорот за коалицијата. Од многу проста причина што крајно време е 15-те проценти од населението на Република Македонија кое е надвор од поголемите национални заедници пред се македонскиот народ како носител на суверенитет во Република Македонија и припадниците на албанската националност во Република Македонија да си најдат и да земат свој дел во учеството на вршењето на власт во Република Македонија.

Инаку, што се однесува до претставниците на националните заедници, поготово за националната заедница на која јас и припаѓам , таа во изминатиот период докажа дека го почитува Уставот и законите на Република Македонија и во наредниот период има намера да продолжи со почитувањето на Уставот и законите на Република Македонија.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 68 пратеници, 64 пратеници гласале за, против гласаа 3 пратеници и воздржано гласал 1 пратеник.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Врз основа на резултатите од гласањето констатирам дека Ризван Сулејмани е именуван за заменик на министерот кој ќе раководи со Министерството за одбрана.

Фатмир Дехари, е именуван за заменик на министерот кој раководи со Министерството за внатрешни работи.

Мери Младеновска-Ѓорѓиевска, е именувана за заменик на министерот кој раководи со Министерството за правда.

д-р Димко Кокароски, е именуван за заменик на министерот кој раководи со Министерството за финансии.

Џеладин Шатку , е именуван за заменик на министерот кој раководи со Министерството за економија.

Бесир Јашсари, е именуван за заменик на министерот кој раководи со Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

д-р Никола Пановски, е именуван за заменик на министерот кој раководи со Министерството за здравство.

д-р Тале Герамитчиоски, е именуван за заменик на министерот кој раководи со Министерството за образование и наука.

Максуд Али, е именуван за заменик на министерот кој раководи со Министерството за труд и социјална политика.

Тања Алтанџиева, е именувана за заменик на министерот кој раководи со Министерството за локална самоуправа.

Мелпомени Корнети, е именувана за заменик на министерот кој раководи со Министерството за култура.

Дејан Кошутиќ, е именуван за заменик на министерот кој раководи со Министерството за транспорт и врски.

Драгољуб Матовски, е именуван за заменик на министерот кој раководи со Министерството за животна средина и просторно планирање.

Дозволете ми од мое име и од Ваше име да им го честитам именувањето на замениците на министрите и да им посакам успешна работа и соработка со Владата и Парламентот.

Согласно членовите 6 и 101 од Законот за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија со изборот на Џеладин Шатку и д-р Тале Герамитчиоски за

заменици на министри, констатирам дека им престанува функцијата пратеник во Собранието на Република Македонија.

Бидејќи овие пратеници беа избрани од листи на кандидати, потребно е Државната изборна комисија да го извести Собранието за кандидатите од овие листи на кои треба да им се верифицира мандатот за пратеник согласно членот 102 од Законот за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија.

Минуваме на точка 3 - Предлог на одлука за основање постојани работни тела на Собранието на Република Македонија.

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Има збор госпоѓа Наташа Бикова.

НАТАША БИКОВА:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, почитуван премиере и претставници на Владата на Република Македонија, почитувани гости.

Во прилог на Предлог-одлуката за основање на постојани работни тела на Собранието на Република Македонија доставено ни е кратко образложение во кое стои, дека заради порационално и поефикасно извршување на работите во надлежност на Собранието се предлага намалување на бројот на постојаните работни тела од 23 на 17. Потоа, со оваа предлог-одлука се предлага делокругот на работните тела и бројот на членовите на секое работно тело поединечно. Исто така, согласно член 116 од Деловникот на Собранието се предлага во составот на работните тела покрај претседател и соодветен број членови и сите да имаат и нивни заменици. Бидејќи претходниот пратенички состав работеше согласно Одлуката за основање на постојани работни тела на Собранието објавена во “Службен весник број 61 од 1998 година”, направив анализа , или поточно споредба. И ќе ми дозволите да ви го изнесам мојот краток коментар пред да го кажам ставот по Предог-одлуката која што ни е на разгледување.

Комисија за уставни прашања. Поранешната Комисија за уставни прашања броеше 27 члена и претседател. Се предлага комисијата да брои 16 члена и претседател. Оваа комисија по својот карактер се издига, ако така може да се каже над сите останати комисии како што Уставот е највисок законодавен акт во секоја држава.

Нејзините основни оригинерни надлежности се клучни во остварувањето на основната функција на законодавната власт.

Законодавно-правната комисија порано составена од претседател и 16 члена, се предлага да брои 12 члена и претседател. Сметам дека функционирањето на оваа комисија е основен предуслов за континуирана и квалитетна работа на овој законодавен дом.

Комисија за одбрана и безбедност. Поголем дел од надлежностите на поранешната Комисија за внатрешна политика и одбрана се пренесени во надлежност на Комисијата за одбрана и безбедност. Дел од надлежностите се изоставени, пред се, поради нејзината основна функција да ги разгледува прашањата од одбраната и безбедноста. Верувам дека истата ќе придонесе за поефикасна и поуспешна работа на комисијата.

Сметам дека оваа комисија ќе биде клучна во услови кога основните темели на внатрешната безбедност и одбрана на државата се длабоко поткопани. Може да даде голем придонес во креирањето на солидна законска основа за остварување на основната потреба на сите граѓани на Република Македонија, а тоа е да живеат во држава во која мирот и стабилноста се наше секојдневие и реалност.

Комисија за политички систем и односи меѓу заедниците. Поранешната комисија за политички систем броеше претседател и 11 члена додека новата ќе брои 12 члена и претседател.

Политичкиот систем е еден од основните столбови на државата. Неговото функционирање, заштитата на основните политички слободи и права на граѓаните согласно Уставот на Република Македонија  се основни функции на оваа комисија. Од друга страна односите меѓу заедниците во Република Македонија и загарантираните права на членовите на тие заедници се пресудни за демократскиот развој на нашето општество. Надлежностите кои се ставени во делокругот на оваа комисија се клучни за внатрешната политика на државата, а нејзината продуктивна работа ќе даде голем придонес за олеснување на Парламентот во овој дом.

Комисија за надворешна политика. Поранешната комисија броеше претседател и 16 члена. Со предлог одлуката нејзиниот персонален состав е намален на 12 члена и претседател.

Надворешната политика на Република Македонија во сите нејзини сегменти ќе биде основна задача на оваа комисија. Истата заедно со овој законодавен дом и другите делегации и субјекти инволвирани во креирањето на надворешната политика ќе биде една од основните стожери на нашите односи со други држави, меѓународни

организации и асоцијации и двигател на позитивните процеси во меѓународната афирмација и интеграција на Република Македонија.

Комисија за прашања на изборите и именувањата. Поранешната комисија броеше претседател и 12 члена, а новиот предлог за нејзиниот персонален состав останува ист по бројност. Нема промена ни во нејзините суштински надлежности. Има мошне значајна улога од аспект на широките надлежности во поглед на изборите и именувањата кои се во делокруг на Собранието согласно Уставот и законите.

Една од новите надлежности која е дадена со овој предлог е донесување акт за одбивање на 5% од платата на секој за секој ден отсуство на пратеник кој најмалку 3 пати отсуствува од седница или собраниска комисија. Сметам дека тоа е во функција на совесно, одговорно и чесно работење на секој од нас односно на Парламентот и на неговите тела.

Постојана анкетна комисија за заштита на слободите и правата на граѓанинот. Поранешната комисија имаше претседател и 11члена, додека ново предложената 8 члена и претседател. Остварувањето и унапредувањето на слободите и правата на граѓанинот како една од темелните вредности на уставниот поредок на Република Македонија се приоритетна задача на секоја држава. Комисијата односно Собранието има значајна улога во овој сегмент на општеството. Истите треба да влијаат во донесувањето на закони други прописи и акти заради поцелосна заштита на слободите и правата на граѓанинот како нивна целосна имплементација во позитивната законска регулатива.

Комисија за здравство. Од поранешните 14 члена и претседател бројот се намалува на 10 члена и претседател. Здравствениот систем е еден од најсложените и најскапите во државата. Не смееме да заборавите дека корисници на здравствени услуги се повеќе од 2 милиони жители на државата. Македонскиот здравствен систем е граден повеќе од 50 години и е голема придобивка на сите граѓани на Македонија. за жал, во последно време сведоци сме на свесно и континуирано разорување на воспоставениот здравствен систем и драстично влошување на функционирањето на здравството.

Оттука се очекува многу од овој Парламент, а комисијата за здравство со својот најсериозен пристап при разгледување на предлог законите и другите подзаконски акти од областа на здравството ќе придонесе многу во издигањето на здравството на важен сегмент од општествената солидарност.

Иако сметам дека сите постојани работни тела што ги формира Собранието се еднакво важни и заслужуваат да им се обрне соодветно внимание, во интерес на времето повеќе нема да дискутирам за секоја комисија поодделно, ќе напоменам само

дека постои намалување на бројот на членовите во секоја од нив, а функционалните надлежности се пренесени во соодветните комисии.

Сакам да потенцирам дека Комисијата за стопанство, Комисијата за меѓунационални односи, Комисијата за монетарно-кредитна политика и банкарство, Комисијата за одбележување на годишнина на значајни настани и личности во Предлг одлуката се изоставени, а нивните надлежности преминуваат во склоп на комисиите што ја тангираат соодветната област.

Да резимирам почитувани пратеници. Интенцијата на предлагачот за рационализација на комисиите претставува најдобар доказ за тоа дека овој Парламент ќе биде во вистинска смисла на зборот двигател на позитивните промени во сите сегменти на општеството. Со намалувањето на комисиите и нивното натамошно успешно функционирање ќе се создадат реални услови за што поефикасна работа на Собранието на неговите пленарни седници. Со предлогот за вклучување во работата на комисиите и на членови заменици ќе се оневозможат било какви девијации во нивната работа и можност заседавање на комисиите во полн состав.

Генерално ова е еден позитивен чекор како во работата на комисиите така и во работата на функционирањето на Собранието, па почитувани пратеници ние како претставници на народот работејќи на овој начин ќе докажеме и покажеме дека сме рационална, ефикасна, одговорна и транспарентна законодавна власт.

Ви благодарам.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Благодарам на госпоѓа Бикова.

Дали друг бара збор? (никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот. Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве молам да се изјасниме.

Вкупно гласале 67 пратеници, за одлуката гласале 66, еден се воздржал и никој не гласал против.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за основање постојани работни тела на Собранието на Република Македонија.

**Минуваме на точка 4 - Предлог на одлука за основање делегации, пратенички групи и други облици на остварување на меѓународната соработка на Собранието на Република Македонија.**

Предлогот на одлуката Ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 68 пратеници, за одлуката гласале 67, еден се воздржал и никој не гласал против.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за основање делегации, пратенички групи и други облици на остварување на меѓународна соработка на Собранието на Република Македонија.

**Минуваме на точка 5 - Предлог на одлука за основање делегација за соработка со Европскиот парламент.**

Предлогот на одлуката Ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве молам да се изјасниме.

Вкупно гласале 70 пратеници, за одлуката гласале 69, еден се воздржал и никој не гласал против.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за основање Делегација за соработка со Европскиот парламент.

Пред да преминеме на наредната точка, со оглед дека ги усвоивме одлуките за комисиите за меѓународни делегации и соработка со Евро парламентот ги молам координаторите на пратеничките групи да се состанат и да се почне со именувањето и предлагањето на кандидати од секоја пратеничка група соодветно на пропорционалниот однос во Парламентот овие комисии да ги формираме во целосен состав.

**Минуваме на точката 6 - Предлог на одлука за основање Комитет за односи меѓу заедниците.**

Предлогот на одлуката Ви е доставен односно поделен.

И оваа одлука произлегува од амандманите на Уставот на Република Македонија.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Збор има господинот Коста Прешоски.

**КОСТА ПРЕШОСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници,

Дозволете ми накратко да дадам некои појаснувања во врска со оваа Предлог одлука.

Членот 78 од Уставот на Република Македонија е основ за донесување на одлуката за основање на Комитет за односи меѓу заедниците.

Со предложената одлука се уредува основањето, составот и надлежностите на овој Комитет. Со одлуката, а врз основа на цитираниот член е утврдено дека Собранието на Република Македонија го основа овој Комитет, а со истата одлука се определува и бројот на членовите на Комитетот. Со одлуката исто така се третираат и прашања за односите меѓу заедниците кои се во надлежност на Комитетот, а и обврската на Собранието да ги разгледува мислењата и предлозите на Комитетот и да донесува одлуки во врска со нив.

Иста така е уредено и спроведувањето на постапката за гласање во Собранието и тоа во еден нејзин дел согласно членот 69 став 2 од Уставот така што при донесување на одлуки со закон кои ги засегаат културата, образованието, законите за локалното финансирање, Законот за општинските граници итн. при гласањето мора да се има мнозинство гласови од присутните пратеници за кои тврдат дека припаѓаат на заедниците кои не се мнозинско население во Република Македонија. Тој спор го решава Комитетот.

Инаку персоналниот состав на Комитетот го избира Собранието на предлог на соодветната комисија односно на Комисијата за прашања на изборите и именувањата, а по претходна консултација на пратеничките групи.

Поради наведените причини предлагам да ја прифатиме оваа одлука, бидејќи во наредниот период на Собранието му претстојат многубројни законодавни активности за прашања на односите меѓу заедниците, а посебно за прашањата кои произлегуваат од Рамковниот договор.

Благодарам.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Благодарам на господинот Прешоски.

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 68 пратеници, за одлуката гласале 67, еден се воздржал и никој не гласал против.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за основање Комитет за односи меѓу заедниците.

Како што кажа и господинот Коста кој е подносител на одлуката ја молам Комисијата запрашања на изборите и именувањата веднаш да ги започне консултациите за доставување на Предлог за избор на Комитетот со оглед на неговата важност и со оглед на неговата уставна позиција во ова Собрание.

Според евиденцијата која ја имам од евидентните листови на пратениците во Собранието на Република Македонија се застапени сите етнички заедници кои се набројани во Уставот што значи дека немаме потреба да се обратиме до Народниот правобранител, можеме работата да ја завршиме веднаш во рамките на Собранието.

**Минуваме на точка 7 - Предлог на одлука за именување на генерален секретар на Собранието на Република Македонија.**

Предлогот на одлуката Ви е доставен односно поделен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор по одлуката?

Има збор господинот Љубисав Иванов - Ѕинго.

**ЉУБИСАВ ИВАНОВ ЅИНГО:**

Еве јас се јавив за збор под услов да не ме караат после, тоа е во правец на она што го зборував порано. Ние имавме секретар на Собранието, вие добро кажавте дека одлично ја извршувала својата задача, а како морален чин поднесува оставка затоа што се избира ново Собрание. За мене ќе беше најиспрвно таа да продолжеше да си врши својата должност затоа што ја вршеше извонредно, а тоа е оценка и на Вас како претседател кој учествувавте во претходниот состав на Собранието. Мислам дека со тоа ќе се согласи и јавноста. Меѓутоа, ќе беше добро, јас немам ништо против новиот предлог, човекот не го ни познавам и не можам да судам за неговите квалитети. Но, ќе беше добро ако и за ова работно место имаше јавност и гласност, имаше конкурс и да се изберeше човек кој ќе беше предложен во една процедура во која имаше конкуренција. Ќе имаа можност да учествуваат сите граѓани на Република Македонија кои сакаат тоа да го прават.

Благодарам.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Благодарам.

Дозволете господине Иванов само да Ви појаснам иако Ви е јасно што кажавте.

Секретарот на Собранието е уставна категорија и согласно законот се избира на предлог на Комисијата за прашања на изборите и именувањата и за тоа не се распишува конкурс како ниту за пратеници, ниту за министри, ниту за заменици. Ако има законска обврска за конкурс тој ќе биде распишан, во овој случај нема.

**ЉУБИСАВ ИВАНОВ-ЅИНГО:**

Тоа е дефектот. Секретарот на Собранието не е на ниво на пратеници, министри и заменици. Значи, тој дефект треба да се исправи.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Тоа е дефет во законите и во Уставот, не е во изборот.

Збор бара господинот Зоран Томиќ.

**ЗОРАН ТОМИЌ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги,

Многу накратко ќе кажам во контекст на едно мало појаснување. За разлика од претходниот дискутант, морам да кажам дека господинот Александар Новаковски по својa службена должност, која ја обавува с# до 3 октомври 2002 година, односно до верификацијата на мојот мандат, лично го познавам како еден современ, млад, чесен човек, како еден добар адвокат, а сите се залагаме за млади и стручни кадри. Мислам дека предлогот што е доставен до Парламентот е сосема коректен и исправен.

Инаку, самата процедура е регулирана, покрај ова што го кажа претседателот, тоа е содржано во членовите 60, 61 и 62 на Деловникот. Тоа е во врска со толкувањето дека процедурата и изборот на новиот генерален секретар на Собранието е во рамките на она што е утврдено со Уставот и новиот Деловник на Собранието на РМ.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

(По гласањето)

Вкупно гласале 75 пратеници, од кои 70 за, се воздржале од гласање 5 и никој не гласал против.

Констатирам дека господинот Александар Новаковски е именуван за генерален секретар на Собранието на Република Македонија.

На господинот Новаковски му го честитам именувањето и му посакувам успех во извршувањето на функцијата заедно со сите нас.

***Преминуваме на Осмата точка од дневниот ред - Предлог на одлука за именување на генерален директор на Јавното претпријатие Македонска радио телевизија.***

Предлогот на одлуката ви е доставен, односно поделен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Има збор господинот Трифун Костовски.

**ТРИФУН КОСТОВСКИ:**

Можеби ќе бидам здодевен, но биографиите што ми се доставени се многу штури. Ако оваа комисија вака работи, со вака штури податоци, јас понатаму нема да гласам. Сакам комплетни податоци, за сиот животен пат, искуство и сакам од сите институции да има приложено мислење, со што навистина ќе го следиме патот на соодветната личност која треба да ја заземе таа функција.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Има збор господинот Јордан Михајловски.

**ЈОРДАН МИХАЈЛОВСКИ:**

Почитуван претседтел, колеги пратеници,

Сакам да кажам неколку зборови во рамките на оваа точка во однос на Идејниот проект што ни се предлага тука за санација и програмска консолидација на МРТВ од предлагачот, односно кандидат за директор на оваа значајна информативна куќа.

Иако предлагачот е пред хендикеп, мислам дека со двете стратегии што ги предлага, а првата е Буџет и програмски технолошки развој, како и вториот предизвик основен во овој момент, Програма за санација и финансиска консолидација, мислам дека тоа е основното што треба во овој момент најажурно да се сработи во оваа куќа.

Ги подржувам напорите во идејниот проект, Првата програма на двата медиуми, телевизијата и радиото, да бидат усогласени со стандардите на Европската унија, а тоа ќе значи и нова демократизација во сферата на информирањето. Го подржувам напорот во Идејниот проект, сателитскиот сигнал, и програмски и кадровски да зајакне, со цел за пласирањето на вистината за Македонија, со сите актуелности, се разбира и она што е за мене најзначајно, духовната и културната ризница на Македонија во дијаспората.

Подршка исто така треба да се даде на една новина што се сака да се воведе во сферата на информирањето, а тоа е двонасочната видео комункација. Сега сме сведоци дека само за големи настани Македонската телевизија е технолошки подготвена двонасочно да ги пренесува. Залагањето во Идејниот проект за двонасочна видео комуникација отвора простор не само за поквалитетно и објјетивно информирање, туку и за отворање на регионални центри во Републиката, а со тоа ќе најдат место и локалните јавни дифузни претпријатија, што ќе биде можност за нивен натамошен развој.

Морам да кажам дека ние сме меѓу ретките земји во опкружувањето и МРТВ не стартува со стерео сигнал, што секако е многу важно за забавните програми, за репродукција на нашите музички нумери и нашето музичко културно и фолклорно богатство.

Ќе кажам неколку зборови за едно од најзначајните отворени прашања, а тоа е проблемот со наплатата на радио дифузната такса. Дубиоза од 907 милиони денари, тоа ќе биде предизвик пред нас во наредниот период како основачи на МРТВ, доколку сакаме да се консолидира овој значаен дифузен сервис, ние да размислиме малку повеќе, Владата, како и Управата за јавни приходи и сите надлежни за овој сегмент, секако да се бара и конструктивно решение.

Во секој случај, ваков идеен проект кој овозможува подлабоко медиумско дизајнирање во програмата, проект кој воспоставува нови принципи во работата на сервисот, како што се нови стандарди и квалитет во работењето, јас би подржал.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Има збор господинот Љубисав Иванов - Ѕинго.

**ЉУБИСАВ ИВАНОВ - ЅИНГО:**

Ете, ние настојуваме - неколку пати повторувам - да одиме во Европа, да се интегрираме во таа Европа, а размислуваме неевропски. Зарем вие мислите дека јас незнам што пишува во Деловникот и какви закони имаме? Тоа убаво го знам. Ама, ако ние

сакаме да го направиме тоа што јас зборувам, тогаш вие како позиција во Парламентот знаете дека еден од главните услови е промена на законодавството и прилагодување на законодавството кон европското законодавство. Според тоа, дајте господа тоа да го направите, тоа да го измерите, да создадеме ссекаде можност на конкуренции и квалитет. Пак ќе кажам, како што не го познавам генералниот секретар што сега го избравте, ова лице го познавам и немам ништо против, меѓутоа, мене ми пречи кога државата ја правиме партиска, кога с# е партиско. А немате 500 илјади членови на партијата. Според тоа, ако имате неколку десетина илјади, треба да водиме сметка и за оние останати 450 илјади, па да водите сметка и за оние што не гласале за вас. Според тоа, во тој правец прво променете го ова законодавство и прилагодете го на европското законодавство, па тогаш да се поставуваат луѓе онака како што тоа се прави во Европа.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Господинот Трифун Костовски повторно бара збор.

**ТРИФУН КОСТОВСКИ:**

Можеби ќе бидам здодевен пак, меѓутоа, претпочитам дека ќе ме сослушате. Тука се претпоставува стратегија и Буџет. Прашање е дали МРТВ ќе биде буџетска организација или ќе работи на доходовен систем. Тоа е како прво. Второ, во биографијата на госпоѓа Стошиќ не видов никакво искуства за работење со стопански дејности, посебно за познавање на финансиски дејности. Дали изборот е најсоодветен, сепак ние заеднички треба да одлучиме. Меѓутоа, тоа е тоа што јас инсистирам повторно на сили, сили во кои ќе имаме комплетен преглед, рентген на личноста за која што треба да го дадеме нашиот глас.

Се извинувам, можеби премногу ќе барам, меѓутоа, мојот приод и понатаму во сите дискусии и на сите места каде што ќе треба да го дадам својот глас, ќе го дадам само кога ќе имам изградено вистинска слика за таа личност која треба да ја заземе таа функција.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Само да дадам едно појаснување. МРТВ, согласно со закон, се финансира со јавна давачка што ја пропишува Собранието на РМ, во најголемиот свој дел. Тоа не е Буџет, меѓутоа, за МРТВ претставува буџет од јавна давачка, која ние ја пропишуваме и

која е со Устав утврдена дека само ние можеме да пропишеме јавна давачка, вклучувајќи го и надоместот за радио дифузна такса. Значи, тоа не е на сасмостојно финансирање.

Повторно има збор господинот Трифун Костовски.

**ТРИФУН КОСТОВСКИ:**

Дали тоа значи дека можеби помош добиваат и другите телевизиски куќи во Македонија или само МРТВ?

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Нема потреба да одговарам на тие прашања, меѓутоа, со Закон е уредено финансирањето на МРТВ како јавно претпријатие, за разлика од другите приватни, а со Законот за радио дифузија се одвојува делот од таксата и за другите, што е во надлежност на Советот, така што оваа куќа сепак има посебен статус и затоа ние расправаме за неа. Инаку, нема да расправаме ние за директорот и за финансирањето.

Има збор господинот Неждет Мустафа.

**НЕЖДЕТ МУСТАФА:**

Навистина би сакал да ја искористам можноста на госпоѓа Гордана Стошиќ да & се обратиме и да укажеме овој пат да посветат сериозно внимание на Третиот канал, особено на етничкиот канал, затоа што нашите редакции работат во тешки мизерни услови. Верувам дека госпоѓа Гордана Стошиќ, ќе се зафати со тој проблем како еден од поприоритетните за создавање услови, пред с# канцелариски услови и услови за покривање на програмската содржина на етничкиот канал. Се надевам дека ќе овозможи почесто да ги сретнуваме нашите новинари на тие телевизиски програми.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Има збор господинот Љубисав Иванов - Ѕинго.

**ЉУБИСАВ ИВАНОВ - ЅИНГО:**

Кога веќе се отвори таа дискусија како се финансира МРВ, морам да кажам дека таа се финансира според законот, од една монополна позиција таа ги користи исклучиво средствата кои се плаќаат за претплата на радио и ТВ програмата. Меѓутоа, во исто време таа собира огромни средства и прави нелојална конкуренција по пат на реклами и огласи.

Според тоа, од една страна дејствува како јавно претпријатие, а од друга страна дејствува како производна организација и продава производ. Затоа, овој дом и вие како позиција треба ова прашање да го уредите како што е уредено во развиените демократски западни земји, или по еден основ да се финансира или по друг. Ако се финансира по основ на претплата, тогаш треба така да се финансираат и другите национални телевизии. Ако се финасира по тој основ само таа телевизија, тогаш не може да се занимава со реклами и пропаганда. Според тоа, тоа добро го предочи господинот Трифун Костовски. Не се работи само за јавно претпријатие, туку се работи за јавно производно претпријатие.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Има збор господинот Иван Стоилковиќ.

**ИВАН СТОИЛКОВИЌ:**

Она што може да се види на прв поглед од предлогот на госпоѓата Стошиќ, покажува дека МРТВ во овој момент емитува програма на три канали. И вторaта работа што може да се види од писмениот извештај на госпоѓата Стошиќ е тоа дека МРТВ е во силни финансиски дубиози.

Ако го отвориме прашањето зошто Македонската телевизија емитува програма на три канали, веројатно има образложение, затоа што третиот канал произлегува од оној дел на Рамковниот договор каде што е вклучена и ЕУ, фактички третио канал да биде мултиетнички. Меѓутоа, ако се погледне финансиската состојба на МТВ, тогаш ќе може да се заклучи дека МТВ не е во состојба да ги одржува и издржува сите три канали. Република Македонија ако ја споредиме со Германија, ќе видиме декањ во Германија постои државна телевизија која емитува програма на два канали АРД1 и АРД2 и тоа знаеме во кои услови се живее и работи во Германија. ако ја погледнеме РМ и МТВ и ако споредиме, ќе видиме дека МТВ емитува програма на три канали, па тогаш можеме да дојдеме до заклучок дека веројатно РМ има многу повеќе средства отколку што се потребни и може да вложува и да емитува програма и на третиот канал на МТВ.

Веројатно, едно од решенијата би било, и идното раководство на МРТВ би требало да размислува, МТВ и понатаму да емитува програма само на два канали на ТВ, од проста причина што и тие два канали се големо финансиско оптоварување за неа, а од друга страна третиот канал кој е предвиден како мултиетнички канал, кој е договорен во соработка со европските институции, раководството на МТВ можеби ќе треба да влезе во

преговори со ЕУ, па третиот канал може да биде комерцијален канал, во кој голем дел и учество во финансирањето на Третиот канал би го презела и ЕУ.

Што се однесува до програмите на националните заедници на македонската ТВ, тие сега се емитуваат на Третиот канал. Гледаноста на Третиот канал во РМ може да се каже дека е безначајна, така што еден од потезите што треба брзо да се повлече, тоа е програмите на националните заедници да се префрлат на Втората програма, затоа што втората програма, ако ништо друго повеќе е покриена во РМ и може повеќе граѓани да ја видат, а третиот канал да содејстдвува во насоките за кои зборував, значи да дејствува во соработка со ЕУ, низ заеднички проекти на некој начин да се реализира таа мултиетничка програма.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Му благодарам на господинот Стоилковиќ.

Има збор господинот Јани Макрадули.

**ЈАНИ МАКРАДУЛИ:**

Почитуван претседателе, морам да реагирам, бидејќи не може кога се избира генерален директор на Јавното претпријатие тоа да се искористи за кажување на некои позиции и состојби што не мачат нас лично, каде што сме инволвирани или некои пратеници се инволвирани со лични свои медиумски куќи.

Посебно, разбивањето на монотонијата не може да се направи со аргументи кои не стојат. Доколку, сака некој да ја разбие монотонијата, добро нека ги прочита страните 5 и 6 од дописот што е даден од госпоѓа Гордана Стошиќ и точно ќе прочита дека во него стои, се заложува за промена на законската регулатива во врска со радиодифузната дејност. И, сите оние што беа нагласени аргументи од страна на колегата пратеник, овде точно се напишани. На тој начин сметам дека не се разбива монотонијата, туку само се злоупотребува еден избор, за да се насочи водата на својата воденица. Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Збор има господинот Љубисав Иванов-Ѕинго.

ЉУБИСАВ ИВАНОВ - ЅИНГО:

Што се однесува до воденицата , таа не може да работи ако нема вода. Значи, вода мора да има. А, што се однесува до таа страница што ја прочита колегата,па тогаш

јас сум бил во право што сум го кажувал. Значи, треба да дојде до промена на законодавниот дел во врска со информативните средства. На иста позиција сме со Гордана Стошиќ. Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претртесот и предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 73 пратеници, за одлуката гласале 68 пратеници, од гласање се воздржале 5 пратеници, против не гласал никој.

Констатирам дека госпоѓа Гордана Стошиќ е именувана за генерален директор на Јавното претпријатие Македонска радио телевизија.

И честитам на изборот и и посакувам успешна работа.

Минуваме на точка 9 - Предлог за покренување постапка за разрешување на функцијата, јавен обвинител на Република Македонија.

Предлогот за покренување постапка за разрешување од функцијата јавен обвинител на Република Македонија, Ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Збор има господинот Љубисав Иванов.

ЉУБИСАВ ИВАНОВ - ЅИНГО:

Ако може предлагачот да ги објасни причините за покренување на оваа постапка, подетално.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Дали некој друг бара збор?

Збор бара господинот Ставре Џиков, јавен обвинител на Република Македонија.

СТАВРЕ ЏИКОВ:

Почитувам претседател, почитувани дами и господа пратеници,почитувани министри и заменик министер,

Најнапред, да се заблагодарам на поканата на претседателот на Собранието за процедурата за разрешување на јавниот обвинител прв пат вчера разбрав, бидејќи добив покана за денешната седница. Навистина, сакам да му заблагодарам на претседателот на Собранието.

Во оваа прилика, само сакам да укажам на некои работи, бидејќи како држава и како правосудни институции, поготово личностите кои ги претставуваме тие институции,

треба да се бориме за владеење на законот и на правото. Мислам дека во оваа прилика мојот настап ќе биде во форма на укажување, без некои забелешки во однос на процедуралното изведување на оваа постапка во однос на разрешување на јавниот обвинител на Република Македонија. Бидејќи вчера го добив писмото односно поканата за да присуствувам на оваа седница, сметам дека и по Деловникот, ако не и по Законот за јавно обвинителство, член 32, став 1 и 3 да не ги цитирам тука, требаше барем да биде известен јавниот обвинител, прво, за владината процедура, а потоа и за собраниската процедура. Тоа е една работа.

Втора работа сметам дека, не би цитирал членовите 31, точка 6, што навистина ја оправдува Владата во смисла на изведување во процедура и на она што е речено нестручно, несовесно, работење и тн. Практично ваквата формулација не само што е несреќна, туку самата формулација ви реков дека не се совпаѓа со она што ја обавува функцијата јавен обвинител на Република Македонија. Тоа не се однесува само за него, туку и за сите обвинители, виши обв инители, основни обвинители, нивни ѕаменици кои се именуваат во овој висок законодавен дом на Република Македонија.

Во оваа пригода само ќе цитирам некои одредби од Советот на Европа од Комитетот на министри, донесени од 6 октомври 2000 година, тоа се неколку точки, иако има сигурно ;поголем материјал каде што кога дојдов како обвинител односно бев именува од овој уважен дом на законодавството, посебно ја следев меѓународната активност и стандардизација на Јавното обвинителство во релацијата со другите обвинителства од европските држави. Во оваа прилика само би спомнал што значи релација, однос меѓу Јавното обвинителство и извршната и законодавната власт. Тоа се неколку точки.

Во земјите каде Јавното обвинителство зависи од Владата или и е подредено, државата треба да ги презеде сите мерки со кои ќе се гарантира дека под а) видот и доменот на делување на органите на власта во однос на јавното обвинителство да бидат прецизирани со закон.

б) Владата да ги врши своите функции на транспарентен начин и во согласност со меѓународните договори , внатрешното право и основните правни правила.

v) Секоја инструкција од општ карактер која произлегува од Владата треба да биде во писмена форма и да биде објавена на соодветен начин. Тоа се практично дел од препораките на Советот на Европа. Сметам дека и понатаму треба овој наш законодавен дом треба да ги има предвид сите контакти со претставниците на Европската Унија, каде што пред некој ден имав средба со новиот амбасадор господинот Алексис Брунк и амбасадорот

на НАТО господинот Џенес Крег, на оваа тема разговаравме, сигурно и на темата криза во Републиак Македонија. Некаде час и половина имавме сериозни разговори во однос на тоа како правно да се решат проблемите во Република Македонија покрај сегментите политички. Безбедности, економски и тн. Сметам, во рамките на обавувањето на функцијата на јавниот обвинител.

Во ова мое кусо обраќање посебно сакам да апострофирам дека на 6 март 2000 година, а моето именување беше април 1999 година, ќе го наведам точно и бројот на предметот, затоа што ви се обраќам како нов состав на Парламентот, за да ве заинтересирам почитувани пратеници и министри за следното, а тоа е, доставив Информација до Собранието на Република Македонија, до Владата на Република Македонија, до Републичкиот судски совет, каде што стоеше Информација за менување на поставеноста на јавното обвинителство во Уставот и во законот за јавното обвинителство. Таму точно предложив еден модел како да се изведе и како да се обезбеди институцијата јавен обвинител, а и самата правосудна институција во рамките на правосудниот систем, онака како што предвидува нашиот Устав на Република Македонија. Ова е под број АБР 82/2000 од 6.03.2000 година. Со овие мои укажувања, сакам да кажам дека институцијата јавно обвинителство и личностите јавни обвинители, дали е републички, дали е виш обвинител или е основен обвинител по онаа хирархија заменици, иако имаат мандат од 6 години во ваква констелација на нормативите што ги имаме во нашата земја, како во однос на Законот за јавно обвинителство, така и во однос на уставната позиција на Јавниот обвинител, која е предвидена во член 106 каде не постои зборот “независен обвинител” односно институција, туку постои единствен и самостоен државен орган.Затоа јас оваа информација ја доставив и до Владата, до Собранието и до Републичкиот судски совет и во оваа прилика сакам да кажам, бидејќи ќе ми биде и последна прилика во својство на јавен обвинител, добро е вие почитувани пратеници да донесете акт или пак со измена на Уставот да се формира државно правен совет, каде што ќе се избираат и судиите и обвинителите низ едно стручно тело, каде што ќе нема влијание ниту законодавната власт, ниту извршната власт. Сигурно, во овој јак однос на информации што ви ги предуочувам, спомнав дека треба да има и посебен финансиски буџет. Меѓутоа, морам да кажам, бидејќи ова ми е последна

можност во моето работење во релацијата со Владата се променија 6 министри. Три министри од МВР, релацијата МВР и Јавно обвинителство и три министри за правда. Иако, јас овој концепт го предложив уште веднаш по моето доаѓасње, имајќи го пфредвид претходното искуство како судија, а веќе како и именуван обвинител, меѓутоа не се најде можност да не употребам потежок збор - доблест, Парламентот, Владата да го разгледаат мојот предлог како јавен обвинител, бидејќи ние како демократска држава се стремиме и мораме тоа да го првиме, за да се движиме во светот на европските држави. Се надевам дека со ова мое кратко излагање, сакав само да укажам дека е потребно на овие проблеми посебно да се обрне внимание од страна на Владата, тука и почитуваниот министер и заменик министер за правда, да се посвети посебно внимание.

На крајот, навистина, сакам да се заблагодарам на довербата и на Парламентот и на Владата.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам на господинот Џиков.

Господинот Костовски бара збор.

ТРИФУН КОСТОВСКИ:

Благодарам.

Прво, моето јавување беше за тоа што сакав да реагирам, бидејќи јас го немав добиено овој предлог, меѓутоа, беше во агендата на дневниот ред на Парламентот. Сметам дека се работи за многу висока државна функција. Повтортно се враќам на истото, многу кратко и некомплетно образложение, несовесно и нестручно.

Господо, зборуваме за функција и сакам сето тао да биде кажано, опишано,напишано, доколку господинот јавен обвинител имал грешки во своето однесување ние овде треба да ги дискутираме и тие треба да бидат предмет на јавна дискусија. Многу е штуро образложението.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

За збор се јави господинот Агрон Буџаку.

АГРОН БУЏАКУ:

Јас од експозето на господинот Џиков, бидејќи сме нови пратеници и нова партија, која штотуку влезе во Парламент, во експозето каде се говори за демократски процедури, се говори за судскиот систем сите бевме сведоци пред после изборите какви дела

вршеше господинот Џиков, пред се, по однос на судењето, гонењето на луѓето кои беа опфатени со Законот  за манестија, од тоа што беше кажано и што господинот Костовски рече дека треба некој елаборат, но сепак, јасно е и верувам и за пратениците тука дека не само не се почитуваше законот, туку многу често се делуваше и по диктат на Владата, што и самиот господин Џиков тоа го спомна.  Според неговото експозе тој не бил задоволен со смената на министрите, со законодавниот орган, односно со Парламентот, но сепак останал на својата позиција. Имал средби со претставниците на меѓународната заедница. Мислам дека господинот Џиков во неговото експозе требаше да направи една автокритика и како член на Парламентот, денешниот парламент ние му благодариме на советите кои ни ги даде во однос на тоа како да функционираме во иднина и да ги земеме предвид. Но, мислам дека, сепак господинот Џиков треба малку да се сврти и да направи една афтокритика за своите недостатоци, за  своите дела и активности  во текот ан извршувањето на неговата функција.Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

За збор се јави господинот Љубисав Иванов.

ЉУБИСАВ ИВАНОВ - ЅИНГО:

Еве, бидејќи, не добив едно образлошение, сакам да кажам дека јас не барам да го заштитам господинот обвинител, туку за да покренам една постапка, едно размислување, еден однос спрема целокупното судство во Македонија. Пак ќе почнам онаму каде што застанав и кое го кажав порано. Не може да се влезе во цивилизираниот свет ако немаме реформирано судство.  И, добро е што имав прилика сега да го слушнам обвинителот кој треба да го смените дека размислува, како што јас веќе размислувам 10-12 години. А, тоа е да направиме независно судство. Еднаш тоа да го направиме како што го прави светот.Вие добро знаете дека и во Америка јавниот обвинител го бира конгресот, го предлага претседателот на државата. Но, тој се бира неограничено. И, тој кога ќе седне во таа столица, тој ги заборава сите што гласале за него и што го предлагале, туку тој станува независен обвинител на САД. И, тој, до таа мера е независен, да се дрзнува да поднесува пријави, оптужби, обвиненија и против претседателот  на државата. Вие се сеќавате за аферата Вотергејт околу Никсон, Клинтон со оние женски афери итн. Тоа зборува за правна држава за правен систем, за независно судство итн. Затоа, во тој поглед мора брзо да се направат овие реформи, да не се играме со луѓето. Дојде нова власт менува обвинители, менува судии, менува се и тн.  Ќе дојде следната влада истото го први. Нема правна сигурност во државата. Таквата работа не користи на никого. Денеска ќе корсти на оние што се на власт, утре на нив ќе им штети тоа. Затоа, треба да се направат тие реформи, да се направи систем како да се предлагаат судии,

обвинители, како да се гласаат, каде да се гласаат и што е најважно тие луѓе да бидат наградени така да не може никој да ги поткупува и да имаат сигурни средства за финансирање. Еве тоа е моментот  тоа да се каже и да се покрене и јас секогаш за тоа ќе зорувам. Нема сила во Парламентот која ќе ме замолчи во тој правец  да се борам. Затоа, тој што се обидува тоа да го прави, тој сам не мож односно нема такво право. Јас сум опозиција и размислувам поинаку, но размислувам во интересот на оваа држава и на овој народ. Јас не размислувам какон што размислуваат властодрштите. Според тоа, еднаш мора на ова да му се стави крај, а тоа можат да го направат само луѓе реформатори и со широк дијапазон на размислување. Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

За збор се јави Костовски Трифун.

ТРИФУН КОСТОВСКИ:

Изгледа денеска ми е денот па многу сакам да полемизирам, да говорам. Не сакам погрешно да бидам сватен дека сум возбуден за господинот Ставре Џиков како јавен обвинител, имајќи предвид дека навистина зборуваме за една врвна функција во нашава држава.

Меѓутоа, господа, ние мора да направиме темели на база врз што ќе го вреднуваме трудот и работата. Господинот Буџаку упати апел на господинот Џиков да се извини. Да се извини кон што? Сакам да укажам на едно. Ние тука сме пратеници кои што мораме дефинитивно за тоа што ни се случи во 2001 година точно да опишеме што е тоа и го ставиме како нешто што ќе биде акцептирано за сите нас и во Парламентот и меѓу народот. Ние сеуште говориме дека тоа беше терористички напад на Македонија, од друга страна борба за права, од трета страна мафијашки или некои криминални дејствија стојат зад сета таа војна и ние денеска и по таа војна завршена, по потпишан Рамковен договор, ние немаме точна дефиниција, што нам точно ни се случи 2001 година. Се дотогаш, додека ние  тоа не го дефинираме и идниот јавен обвинител ќе гол има истиот проблем, како да делува, што е тоа што ние треба да се бориме и да се залагаме.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

За збор се јави г-ѓа Теута Арифи.

ТЕУТА АРИФИ:

Што се однесува до делот што се однесува на нашава дискусија што ја отпочнавме како парламентарна група, всушност ние не побаравме г-динот јавен обвинител да се извини, туку нашиот приод е приод, кој се однесува пред се, на работата на јавниот

обвинител. Тоа е прашање на потполната функција на функционирање на Законот за амнестија. Нашата критика беше повеќе упатена на функционирањето, односно нефункционирањето на Законот за амнестија, со кој ние се соочивме. А другите димензии на прашањата кои се поврзуваат со годината 2001, ние можеме во друга пригода да дискутираме за тоа. Но за оваа дискусија, во однос на јавниот правобранител, ние како ДУИ, нашиот приод се поврзува за незаедоволство за функционалноста на Законот за амнестија кој беше целосна обврска која паѓаше на судските органи на оваа држава.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара ѕбор го заклучувам претресот и на Собранието мју предлагам да го усвои слендиот заклучок.

1. Собранието на Република Македонија согласно член 32 од Законот за јавно обвинителство, а по предлог на Владата на Република Македонија, покренува постапка за разрешување на јавниот обвинител на Република Македонија, г-дин Ставре Џиков.
2. Собранието на Република Македонија утврди дека согласно член 31 точка 6 од Законот, е исполнет основниот услов, г-динот Ставре Џиков да биде разрешен од функцијата јавен обвинител на Република Македонија.
3. Овој заклучок да се достави до Владата на Република Македонија.

Предложениот заклучок го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласаа вкупно 70 пратеници. За гласаа 69, воздржан 1, против не се изјасни никој.

Констатирам дека предложениот заклучок е усвон.

Минуваме на точката 10. - Предлог за разрешување на судија на Врховниот суд на РМ.

Предлогот Ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот за разрешување на г-динот Фиданчо Стоев од функцијата судија на Врховниот суд на Република Македонија го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале вкупно 71 пратеник, за гласале 70, воздржан 1, никој не гласал против.

Констатирам дека господинот Фиданчо Стоев е разрешен од функцијата судија на Врховниот суд на РМ, поради исполнување на условите за старосна пензија.

Минуваме нан точката 11. - Предлог за разрешување на судија во Основниот суд во Радовиш.

Предлогот за разрешување е доставен.

Отворам претрес.

Молам кој бара ѕбор.

Има зобр г-ѓата Каролина Ристова.

КАРОЛИНА РИСТОВА:

Процедурално може би ќе биде упатно да се спомне дека основа за разрешување е заради исполнување услови за старосна пензија, ова чисто заради информирање на општата јавност.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам, јас констатирав  дека е заради исполнување  на услови за старосна пензија при претходното разрешување, можеби не ме слушнавте. Предлогот е инаку доставен од судскиот совет.

Бидејќи никој друг не бара ѕбор, го заклучувам претресот.

Предлогот за разрешување на г-динот Лазар Ѓорѓичков, од функцијата судија на основен суд во Радовиш го ст авам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласаа 66 пратеници, за гласаа 65, 1 се воздржа и никој не гласаше против.

Констатирам дека господинот Лазар Ѓорѓичков е разрешен од функцијата судија на Основнит суд во Радовиш, поради исполнување на услови за старосна пензија.

Минуваме на точката 12.  - Предлог на одлука за огласување избор на судии на апелационите судови во Битола, Скопје и Штип.

Предлогот на одлуката Ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор. (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласаа 66 пратеници, за гласаа 66, воздржан и против не гласаше никој.

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за огласување на избор на судии на апелационите судови во Битола, Скопје и Штип.

Минуваме на точката 23. - Предлог на одлука за огласување на избор на судии на основните судови во Крива Паланка, Родивиш, Гостивар, Прилеп, Скопје 1 - Скопје, и Тетово.

Предлогот на одлуката Ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам кој бара збор. (Никој).

Бидејќи никој не бара ѕбор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласаа 68 пратеници, за одлуката гласа 68 пратеници, воздржан и против не гласаше никој.

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за огласување избор на судии на основните судови во Крива Паланка, Радовиш, Гостсивар, Прилеп, Скопје 1 - Скопје и Тетово.

Минуваме на точката 14. - Предлог на одлука за именување на членови на државната комисија за спречување на корупцијата.

Предлогот на одлуката Ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам кој бара збор.

Има збор г-динот Љубисав Иванов - Ѕинго

ЉУБИСАВ ИВАНОВ - ЅИНГО:

Овој предлог гледам дека во јавноста предизвика голем интерес и голема полемика. Потребата од формирање на ваква комисија е исклучително голема, затоа што нема човек, нема партија, нема институција, која нема да потврди дека во државата корупцијата, митото, шверцот и останатите негативни појави се присутни во голема мера. Тие не се само својствени на една власт, туку тоа е присутна појава во еден поширок и подолг временски период.

Меѓутоа, очигледно е дека  нешто не е во ред во самиот состав на Комисијата. Оваа комисија треба практично да биде  потполно самостојна и независна комисија. Корупцијата, митото не е концентрирано само на едно место. Таа е раширена во целокупниот  општествено политижки живот. Меѓутоа, изминатото време, практиката, животот, покажа дека најголема концентрација е таму, каде што ги има најголемите привилегии и каде што е концентрирана моќта на одлучување.

Според тоа, ако е тоа така, а тоа значи дека е концентрирана таму каде што е власта, владата, министерствата, институциите  на државата, кои располагаат со големи

права, големи ингеренции, големи можности, манипулирање со материјални средства, со издавање на дозволи, решенија, одлуки итн., таа комисија има смисла таму и на секаде, најмногу да ја концентрира својата работа и својата дејност.

Инаку, ако власта си формира комисија , онаква каква што на неа и одговара, од свои луѓе, од свои партиски членови, од свои симпатизери итн., тогаш власта практично ја елиминира контролата на нејзината работа. Поправо си создава можности да ги развива овие негативни дејности. Таа комисија треба доминантна улога да игра практично опозицијата. Така ние расправавме и кога бевме во опозиција, заедно со вас кои сте сега на позиција. Тогаш инсистиравме и баравме ваква комисија и доминантна улога да ја има опозицијата. Еднаш така се однесуваме кога сме во опозиција, а друг пат кога сме во позоција. Јас сум вечити опозиционер. Еве размислувам од таа гледна точка опозиционо. Тука се вели во овие материјали, излегува и во печатот дека има од опозицијата човек Михајло Маневски. Јас тој човек го знам. Тој никогаш не бил член на било која партија. Тој е потполно непартиски човек. А мислам дека дури не треба ни луѓе од опозицијата да бидат во оваа Комисија, туку треба да бидат независни личности, од невладини организации, а не како еден примерок да се стави. Од невладини институции, од самостојни институции и тн. Такви луѓе во државата има многу. Само треба да се има добра волја, тоа да се направи, а имам чувство дека кај одредени луѓе во позицијата, и тоа на челните места, имам чувство дека сака да се расправи и да се расчисти со корупцијата. Сега, одеднаш и јас како човек сум ставен во дилема, што е сега ова, зошто се прави една ваква комисија која практично нема да и користи на позицијата, само ќе ја компромитирам. Нема да поведе битка против корупцијата. Сега останува дилема дали е таа само наменета за сегашната опозиција која била на позиција, или некои други намери. Јас толку длабоко не можам да аналилзирам кои се тие други намери. А други намери останува да се појават како заштитни и штитни на девијантните појави, кои сега можат да се одвиваат во овие четири години. А тоа не е добро. Затоа предлагам да се одложи формирањето на оваа комисија, да се извршат пошироки консултации, па и со опозоцијата која не присуствува тука во парламентот. Јас сум еден од тој примерок што ме напаѓате така, затоа што поинаку размислувам, да се одложи ова и да се предложи еден предлог кој ќе биде прифатлив и за сите пратеници во парламентот и за јавноста од земјата.

Оваа моја дискусија треба да се сфати како добронамерна и која што практично треба да оди во прилог да се направат крупни промени на досегашното целокупно наше однесување.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор г-динот Трипун Костовски:

ТРИФУН КОСТОВСКИ:

Господине Иванов се кажавте како вечити опозиционер. Колку што паметам, бевте и во позиција. Но, јас сега говорам од позиција на позоција, меѓутоа, сакам да упатам повторно една критика. Господата овдека што се наведени, за жал овде немаме ни збор повеќе, освен име и презиме. Јас лично како Трифун Костовски познавам само едно име а тоа е Михајло Маневски, за кого што дотичниот, односно веќе разрешениот јавен обвинител му беше негов претпоставен. Зборуваме за многу силно тело кое што треба да делува антикорупциски. Господо, дали за Михајло Маневски се консултиравте со неговииот претпоставен. Или пак е тоа некој избор, да не кажам од каков аспект. Лично, не го поддржувам господинот да биде во ова тело, бидејќи сметам дека сериозно е прашањето, единствено него го познавам и сум против неговата кандидатура, а останатите господа не ги познавам и би сакал да добијам, пред, се, ако ништо друго барем така кратка биографија, како за претходните луѓе кои што ги изгласавме во сите тела, така да можам да гласам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господине Јордановски, колку што разбрав барате збор како предлагач на одлуакта. Секогаш кога ќе побарате збор, како предлагач, имате предност пред другите, во својство на предлагач.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Јас во двојно својство би сакал да се обратам, за да ја објаснам одлуката на Комисијата за избор и именувања, вов рска со Државната комисија за борба против корупцијата. Во својство на претседател да објаснам некои работи , а во својство на пратеник би сакал да го кажам и своето мислење.

Со Законот никаде не е дефинирано кој е надлежен предлагач на оваа Комисија. Можеби тоа е и фалинка на овој закон. Но во Деловникот на Собранието се вели , ако не е дефиниран предлагачот, а Собранието треба тоа да го предложи, телото или персоналниот состав, тогаш тоа го врши Комисијата за избори и именувања. Според тоа на нас ни падна должност да го извршиме пополнување на оваа комисија.

Поради ургентноста и поради тоа што претходниот пратенички состав не смогна сили, од објективни и субјективни причини да ја формира оваа Комисија, тогаш би било интересно како тогаш би се дискутирало и каков би бил составот овде.

Ние моравме да пристапиме кон формирање на оваа Комисија затоа што сите рокови беа пробиени, а знаеме во каква состојба се наоѓаме, барем од аспект на корупцијата и бевме должни на првата редовна седница тоа да го направиме, а оваа е таа седница, бидејки знаете дека првата беше конститутивна седница, а втората седница беше избор на Влада.

На кој начин се дојде до овие членови?

Прво веднаш сакам да одговорам, коментарот дека оваа Комисија е Комисија која и припаѓа на позицијата и дека оваа Комисија не може да се бори против корупцијата, бидејки е избран аод мнозинството, на самиот почеток ја политизира оваа Комисија, на самиот почеток ги девалвира и овие членови што се овде на оваа листа и оние што евентуално, можеби би се јавиле како кандидати предлагани од разни структури.

Бидејки ова ни е прво искуство, постапката беше да извршиме консултации со пратеничките групи, да ни предложат луѓе и притоа, навистина внимававме, членовите кои ќе бидат предложени да бидат независни експерти, па дури ако сакате и да не се членови на партија. Јас не можам да зборувам за нивното политичко убедување, тоа е интимно право на секој човек, но од биографиите се гледа дека овие членови навистина се експерти во областите посебно на финансискиот криминал , стопанскиот криминал, областа на перење на пари, корупција, имаат и доста позамашни досиеја за нивнат апрофесионална активност.

Дискусијата која беше поведена и на седницата и поради тоа што јас не го прифатив принципот, опозицијата да биде мнозинство, бидејки тоа е Комисија која треба да ја контролира власта, или избранит еи назначенит ефункционери, не прифатив затоа што на самиот почеток тоа на мене ми личеше на партизација на самата Комисија, ако ние знаеме колку оваа партија предложила, колку онаа партија предложила. Но, не велам дека во јавноста , ако вака дискутираме, нема да се создаде чувство дека тоа можеби луѓе кои, еве се луѓе од позицијата и тие се партиски определени. Таа не медвеѓа услуга што им ја правиме на овие експерти овде, мислам дека не ја заслужуваат. Ако се случи тоа таквите луѓе , овие членови покажат некоја симпатија или можеби наклонетост кон едни или други, тогаш ние немаме проблем со Комисијата, или нема проблем овој парламентарен состав, ние имаме со нашиот корупциски материјал на  оваа држава. Она што ние овде го предложивме и зад кое стоиме одговорно се' квалитетни луѓе, луѓе со искуство и луѓе кои немаат било какви долгови да можат да враќаат.

Што се однесува до прашањето што веќе неколку пати го кажав околу материјалите за пооделни кандидати, можам само да кажам дека за сите овие кандидати се

побарани биографии за нивните професионални искуства и активности. Јас секогаш сум спремен, оној што има желба да ги види материјалите, да ги доставам. Членовите на Комисијата ги имаат овие материјали ив рз основ ан атие материјали они одлучија.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

За збор се јави г-динот Илјаз халими.

ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:

Почитуван претседателе, почитувани колеги, министри и заменици,

Ние имаме Закон за борба против корупцијата. Тој Закон е усвоен на почетокот на оваа година.

Бидејки на дневен ред имаме формирање на Комисија, државна комисија за борба против корупцијата, за оваа точка беше разговарано и вчера на соодветната собраиска комисија каде што јас како претставник на ДПА, но и претставниците од другите партии ги искажаа своите ставови.

Наша забелешка е во врска со тоа е тоа дека членовите на оваа Комисија се избрани или се предложени од партиите кои ја сочинуваат владината коалиција. И денес ако некој сака д аја избегне одговорнсота од партизација на оваа Комисија, а мислам дека Комисијата веќе е партизиран аи политизирана, од самиот факт што се предложени членови на оваа Комисија од партиите на владината коалиција. На самиот старт оваа Комисија не може да биде успешна. Целта на оваа Комисија е да може да ги штити оние кои ќе се обидат да се корумпираат. Затоа ние предложивме оваа Комисија да биде предложена од 4 членови , оние кои ќе ги предложат опозиционите партии и 3 членови кои ќе бидат предложени од партиите на владината коалиција. Тоа да не бидат партиски членови, туку навистина да бидат експерти, професионалци и стручњаци од кои може да се очекува, во голема мера да се борат за намалување и за спречување на корупцијата, бидејки не може целосно да се искорени корупцијата затоа што таа најмногу е нагласане во помалку развиените земји.

Искрено да ви кажам, така како што е предложена оваа Комисија на нас како опозициона партија или апртии во опозиција ни одговара, бидејки на самиот старт на населението може да му се каже дека цел на оваа Комисија не е да се спречи или да се намали корупцијата, дека со тоа и натаму ќе се овозможува постоење на корупција, а на нас како опозиција ќе ни се даде шанса да ве напаѓаме за корупција. За тоа дали корупцијата е штетно за општеството и за државата, ние имаме обврска да кажеме, а вие, позицијата треба да решите така како што треба да биде, бидејки имате мнозинство и така ја информирафте односно предложивте оваа Комисија, а се разбира и во

Парламентот имате мнозинство и можете и да решавате така и да помине, како што е предложена оваа Комисија. Уште еднаш сакам да повторам дека најдобро за вас почитувани пратеници е да решите поинаку, или пак да решиме поинаку, во однос на овој состав, бидејки нас најмногу ова не тангира. И уште една работа, може да се каже дека најмалку може да се корумпираат пратениците, а најмногу да се корумпираат министрите, замениците министри, директорите на голем број агенции и т.н. Затоа самите ние треба да се ангажираме во тој правец, ако сакаме да имаме успех во борбата против корупцијата.

Мене ми предложи г-динот претседателот да го ставам предлогот на ДПА на гласање. Значи нашиот предлог е да се гласа, 4 членови на Комисијата да бидат членови кои ќе ги предложи опозицијата и 3 членови кои ќе ги предложат партиите на владината коалиција. Тие членови да бидат непартиски членови, да бидат експерти, професионалци. Јас мислам дека навистина тоа ќе биде вистинскиот избор, нормално треба да се има една поголема биографија за овие членови.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Не Ве разбрав добро, барате да ставиме на гласање сега, да бидат 4 од опозицијата?

ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:

Да.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Можеме да ставиме ан галсање секаков предлог што вие ќе го поднесете, на одлуката за измена на членовите. Инаку ако поднесувате ваков предлог, од опозицијата немаме конкретен предлог. По мое согледување во Комисијата нема ниту еден од позицијата.

ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:

Барам да се прекине дискусијата по оваа точка да поминеме на наредната точка, а оваа точка да ја оставиме за една од наредните седници, до колку реши, се разбира, мнозинството од пратениците, за да ни се овозможи опозицијата да предложи 4 членови на Комисијата, се разбира тие да не бидат партиски членови, туку експерти, стручњаци, илипак да изнајдеме некој механизам кој може да го верифицира тоа и се разбира 3 членови предложени од партиите на владината коалиција.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Сега веЌе можам да го формулирам предлогот на г-динот Халими, Собранието да ја прекине расправата по оваа точка и таа да се одложи за една од наредните седници. Тој предлго можам единствено да го ставам на гласање.

Молам да се изјасниме за предлогот на г-динот Халими.

Молам, да гласаме.

Гласале 71 пратеник.

За предлогот гласале 6 пратеници, што значи дека предлогот не е усвоен.

За збор се јави г-динот Трифун Костовски.

ТРИФУН КОСТОВСКИ:

Јас ќе се навратам на експозето на Комисијата односно Извештајот што ни го поднесе претседателот на Комисијата, како се дошло до овој предлог.

Доколку ние одиме на тоа, формано пред Собранието оваа Комисија да ја формираме, тоа е едно прашање. Но доколку навистина суштински сакаме да се бориме против корупцијата и криминалот, тоа е сосема друго.

Сметам дека пратениците на ова Собрание треба да ги имаат комплетно биографиите на членовите кои треба да ги сочинуваат тие комитети за да донесат одлука, бидејки се работи за една многу суптилна работа.

Во поглед на предлогот на г-динот Илјаз Халими, Вие го формулиравте, само правата точка, бидејки неговиот предлог имаше, претпоставувам две точки, прво одлагање на оваа точка од дневниот ред и второ имаше предлог како новата Комисија би требало да биде формирана. Господо, ние по оваа точка мораме да ги заборавиме партиските интереси. Говориме за едно зло кое што ни е наметнато, кое што го имаме во нашето секојдневие. Да бидам прагматичен. За мене оваа Комисија е многу битна. Нека нејзиното формирање се одложи меѓутоа д адонесеме луѓе кои навистина оваа функција ќе ја извршуваат во интерес на целото наШе општество.

Според тоа мој предлог е, сакам да ги видам сите досиеја за тие луѓе, за таа господа кои се овде предложени, да ги простудирам и после тоа а гласам. Значи мој предлог е да се одложи точката да ги добиеме материјалите за господата и после тоа на наредна седница да се гласа. Не сум за промена на систеот во поглед на составот на членовите во таа Комисија.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Ви благодарам и Вас.

Господине Костовски, со оглед што идентичен предлог давате за одлагање, кој што туку го одбивме, јас тоа нема да го ставам на гласање, затоа што Парламентот штотуку се изјасни. Ако има предлог за повлеквуање на точката од дневен ред, тогаш тоа може да го направи само предлагачот, а господинот Јордановски е претставник на предлагачот.

Има збор г-динот Тито Петковски.

ТИТО ПЕТКОВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, министри и заменици,

Искрено очекував дека по оваа точка ќе има расправа, ќе има спротивстваени погледи.

Морам да кажам, на почетокот на својата дискусија дека лично чувствувам хендикеп што во салата не е комплетно присутна опозицијата бидејки ова е едно од најсуштествените прашања со кои како Парламент ќе се соочиме. Претпоставувам Комисијата Ќе биде една од тие што ќе биде во фокусот на макеоднската јавност, во фокусот на интересот и дека ќе има многу непријатни прашања на коиќе треба да одговара. Не би сакал, навистина, оваа Комисија, со многу суптилни би рекол задачи кои се многу прецизно дефинирани во Законот, да биде хендикепирана на самиот свој старт. не очекувам, искрено речено, било каква Комисија ние да предложиме односно Комисијата за избори и именување предложи било каков состав дека ние ќе бидеме едогласни, дека ќе ги поддржиме, апсолутно, без резерва сите предложени луѓе, бидејки, сепак според Законот тоа е задача на Собранието. Но би било многу добро, ако оваа Комисија стартува со своето функционирање со потребниот кредибилитет за да има углед, како што пишува во Законот дека ќе се избираат, еве и во образложението на Предлог одлуката, за членови ќе се избираат економисти и правници кои имаат углед во своите средини. Значи имаат специфична тежина да се занимаваат со многу чувствителни прашања, како што е задирањето во џебот или во досието на секој носител на јавна функција, за да се види од кај му е профитот, богатството и т.н. Значи треба да биде над, би рекол , оние , со своите морални особини, човечки квалитети, чесност, доблест, како што рече некој од моите колеги, за да може да ја врши таа функција, да провери дали имотот на министерот, на функционерот, на пратеникот е стекнат во рамките на Законот или спротивно на Законот. Но, тргнувајки токму од таа претпоставка дека ние како позиција и опозиција во Собранието често можеме да дојдеме до состав кој ќе биде по мерка, би рекол на сите и по сваќање на сите за вршењето на оваа функција, тргнато е од една претпоставка, луѓето сепак да не бидат партиски препознатливи личности. Јас мислам овие луѓе што се предложени нам денес на усвојување, не можеме да им прилепиме етикета дека биле експонирани или ангажирани партиски, дека биле инволвирани, да речеме во некои партиски , политички, би рекол активности избори или нешто слично. Можеби мислиме дека немаме доволно податоци. Јас се согласувам со г-динот Костовски рече, и некои други дека навистина за овие луѓе мораме да имаме малку по детална информација за нивното професионално кредо, за нивниот ангажман за оние

кои не ги познаваат. Искрено речено јас познавам само двајца од оваа предлог листа на кандидати. И нам како пратеници да ни беде чиста совеста д аможеме да кренеме рака или да го притиснеме зеленото копче, дека се тие луѓе кои во овој момент ја заслужуваат нашаа поддршка.

Тргнувајќи пак од претпоставката дека немам никаква забелешка за овие луѓе, бидејќи сепак најголем број од луѓето освен двајца за кои што не сум прочитал до сега за нивниот ангажман, другите се познати во еден дел во јавноста по она што го пишуваат, јавно што го објавуваат, јавно за што се залагаат. Реков лично не ги познавам, меѓутоа ги познавам според нивниот јавен настап, како публицисти некои кои пишувале колумни, некои свои обраќања преку надлежни институции. Според тоа, не би сакал како пратеник да учествувам сега во една процедура на делегитимација на овие луѓе кои ни се предложени како кандидати на комисијата, односно како предлог на комисијата, кандидати за оваа најчувствителна сфера на нашиот нагажман, нашето ангажирање.

Според тоа, ја сакам да предложам на овие луѓе сепак да им дадеме шанса, бидејќи тоа не е статична категорија, комисиите можат и да се менуваат ако во текот на мандатот на нивното работење согледаме дека некои не се на висината, би рекол, а задачата што им ја даваме како Собрание или немаат доволно квалификација. Бидејќи бидете сигурни, оваа комисија не случајно не се формира. Јас сакам момот колега, почитуван гсподин Халими беше тогаш и потпретседател на Собранието во претходниот состав, дека ние како опозиција тогаш, СДСМ, пратеничката група потрошивме огромно време да го убедиме и парламентарното мнозинство дека не е добро решението во Законот за комисијата. Таму никаде не е кажано дека позицијата или опозицијата предлагаат определен број на кандидати. Тогашната власт, односно позиција мислеше дека, навистина, ќе продолжи да владее како некои што велеа и 100 години и немаше да дојде до ова. Значи колку е чувствително кога се проектираат законите, кога се трасираат патиштата за функционирање на системот. Мора да се размислува пред се од тој аспект.

За мене е неразбирлива реакцијата на моите почитувани колеги пратеници од ВМРО-ДПМНЕ на комисијата вчера да реагираат така. Па тие практично го усвоија овој закон, тие го внесоа во законот ваквото решение. Мора да се мисли дека когаш -тогаш ќе ни се удри од глава ако не е во рамките на државните интереси, во рамките на стабилен политички систем, во рамките на демократските процеси во едно општество. Затоа не може нешто, од една перспектива ќе се гледа коа сме во позиција, од друга перспектива ќе се гледа кога сме опозиција.

Според тоа, ова е решение на претходната власт и не случајно претходната власт го направи тоа, шесте месеци да не го фатат мандатот на претходната власт и на претходната Влада особено. Така што гледано низ таа призма претпоставувам дека не се јаки многу аргументите што се предлагаат сега - дајте ние на паритетна основа, бидејќи Комисијата има пред се функција да ги штити, односно да ги опсервира примањата, профитите, стекнувањето на богатствата на власта а многу помалку на опозицијата, бидејќи во принцип опозицијата не е во таква функција. И поради тие причини сега да имаме дополнителна памет дека би било добро навистина тие луѓе и партиски да ги легитимираме.

Всушност, да заклучам, немаме право да инсистираме да бидат тие претставници на партиите, затоа што ќе ги делегитимираме во старт и таа комисија секогаш ќе одлучува со еден глас повеќе или помалку. Ако е мнозинството членови на таа комисија од опозицијата, се знае каков ќе биде исходот при одлучувањето, или обратно. Тие луѓе мора да имаат самостојност, да одговараат со целиот свој морален багаж, кредибилитет пред јавноста и да се свесни дека се менливи, дека Собранието може, ако почувствува дека некој не ја врши функцијата во согласност со моралот и би рекол законски, да ги промени.

Но, немаме право, јас во овој момент навистиа немам ниту еден аргумент да гажам дека предложените личности имаат политички багаж, партиски индентификувани или имаат, да речеме професионални пропусти во своето работење и не заслужуваат нашата поддршка и нашето внимение.

Значи, да заклучам, сакам да ви предложам да го поддржиме предлогот на Комисијата за избори и именувања, а во тек на функционирањето на Комисијата и кога ќе дојде комплетно опозицијата во Парламентот, аргументирано да разговараме за сите прашања, па и за ова како ќе функционира оваа комисија.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господинот Халими бара реплика, имате право на реплика од три минути.

ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:

Не се согласувам во целост со господинот Петковски во врска со ова што го кажа. Факт е дека со Законот за борба против корупција не се предвдува дека овие толку партии предлагаат толку членови, толку партии предлагаат толку членови или пак

партиите од опозицијата и тн., но со Законот се вели дека Парламентот избира Државна комисија за борба против корупцијата.

Се поставува прашањето како треба да се изврши изборот на овие членови на оваа комисија? Претседателот на соодветната комисија даде свое образложение дека ова право припаѓа на комисијата, да направи предлог на овие членови.

На прашањето што го поставив на претседателот на Комисијата како е направен предлогот на членовите на оваа комисија за борба против корупцијата тој рече дека - јас сум се обратил на партиите на владината коалиција и сум барал еден член да предложи ВМРО-ДПМНЕ. Значи, на ДПА не предложил такво нешто. Значи тој им предложил на партиите од владината коалиција, тие да предложат по еден член. Тоа знчи пак партиите од владината коалиција, а со тоа се гази Законот за избор на оваа комисија. Ова сакам да го кажам како аргумент дека она што го кажа господинот Петковски не стои.

Да не говорам за професионалниот дел, колку се експерти или стручњаци овие членови што се предложени или пак колку не припаѓаат на одредена партија.

Ви благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Господинот Тито Петковски има реплика во траење од една минута.

ТИТО ПЕТКОВСКИ:

Благодарам господине претседателе,

Мислам дека навистина е прашањето многу битно како се доаѓа до иницијалниот предлог. Комисијата за избори и именувања има обврска да направи поширока консултација. Ако во случај имаме еден претставник од невладина организација, мислам дека би било добро, токму заради кредибилитетот на Комисијата, да се направи некој општ консензус, да сепак имаат пиоддршка членовите на оваа комисија и пошироко. Не можеме да ја анимираме целокупната јавност, меѓутоа можеме да анимираме неколку битни, релевантни, невладини организаии, а политичките партии се претставени во Парламентот и преку пратеничките групи можат тука да се произнесат.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

За збор се јави господин Никола Камчев.

НИКОЛА КАМЧЕВ:

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, дами и господо,

Добро е што оваа комисија се формира и добро е што се формира сега. Не е добро што оваа комисија уште на стартот, не почнала да работи, се дискредитира. Нивните учесници се ставаат под сомнение дали ќе работат чесно?!

Исто така, мислам дека нормално е за нас пратениците оваа комисија да не ни се бендисува, нејзиниот состав да не ни се бендисува, затоа што таа е формирана да ги открива корупциите на власта и на нас, пратениците. Добро е што тие членови, кои се членови на оваа комисија, не ги познаваме за да немаме лично влијание на нив.

Јас мислам дека оваа комисија таква каква што е, треба да ја прифатиме сега и веднаш, без оглед на сите недоразбирања и на сите тие кои кажуваат дека желбите не им се исполнети бидејќи нивни претставници не членуваат во оваа комисија. Оваа комисија не решава со гласање односно со мнозинство на гласови, туку оваа комисија треба да решава со аргументи и докази дека постои или не постои корупција. Заради тоа уште еднаш сметам дека Комисијата е добра и треба да се избере на оваа седница.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Збор има господинот Иванов.

ЉУБИСАВ ИВАНОВ ЅИНГО:

Господине претседателе, имам впечаток дека вие сакате ред во Собранието, седниците на Собранието да се подготвуваат квалитетно и тој впечаток понатаму го задржувам.

Меѓутоа тоа што сега е присутно, што сега е репрезентирано пред нас, ме збунува. Ме збунува самиот факт што некои материјали не се достапни до сите пратеници подеднакво. Значи можат да бидат достапни до пратениците кои членуваат во Изборната комисија, во Комисијата за избори и именувања, а не можат да бидат достапни до останатите пратеници. Во својот 36 годишен пратенички стаж вакво нешто немам доживеано. Ако ние ги имавме навремено материјалите и ако тие не доаѓаа во еден временски теснец и ако тие материјали беа комплетни, тогаш ние ќе имавме други сознанија и други аргументи.

Еве, Тито Петковски, кого исклучително го почитувам, рече дека познава двајца. Јас само еден. Има луѓе тука кои ги знаат сите. Некои велат подобро да не ги знаеш. Ама, како да гласам ако не знам за кои луѓе гласам, за каков профил на луѓе гласам. На чесен збор?!

Според тоа, овде нешто како да има под, нешто што се крие. Ќе речете нема. Ма како нема, кога јас не можам да видам кој е тој човек, што работел тој човек, кога не можам да го тоа согледам, кога не можам да направам консултации. Јас морам да се сомневам. Можби се тоа прекрасни луѓе. Можби ги исполнуваат сите услови и сите критериуми што јас, во мојата глава ги поставувам, да бидат независни личности, да не припаѓаат на ниту една партија. Јас така се залагам. Ама, како јас тоа да го знам? Кога денеска или вчера јас ги имав тие имиња, јас ноќеска не можев да проверам ништо.

Тука е големиот хендикеп. Никој не може друго, јавноста ова го слуша, луѓето расудуваат, не можме да им диригираме на луѓето. Но, јасно дека ние одиме со една работа што практично вире од непознаници. А, ние да дигнеме тука, да притискаме, кажувате некои копчиња зелени, црвени, бели, ние треба да знаеме за што тоа го правиме. Ако тоа го правиме за нечиј интерес, јас нема да гласам. И нема да гласам. А, тоа што нема да гласам ништо нема да значи бидејќи овде има така голем форум, што го изгласале 500 илјади луѓе, што ги избрале. Но, убаво рече Тито Петковски, уште на почетокот оваа комисија е ставена под сомневање. Таа опозиција, цела, кога ќе се врати овде, таа ќе ја негира. Тоа не е добро, ако нема консензус. А, добро е да се постигне консензус и да не влегува никој кој е член на било која партија. Има и невладини организации, има други институции од каде можат да се предложат луѓе. И нека се предложат 10,15,20,30 па нека се дискутира по нив. Нека се изберат правите луѓе. На прави места прави луѓе во кои што ќе има доверба секој. Ако не секој, тогаш 90%. Тука е сега проблемот.

Јас ве молам, не доџзволувајте на сама седница да стигнуваат материјали, па да ни кажуваат на петта или шеста страница прочитајте тоа и тоа. Сега сум го добил, кога да го прочитам? Не можам да читам за време на седница, морам да ве слушам вас, да ги слушам другите. Ако не сум дисциплиниран има последици. Според тоа, не можам на седницата да читам.

Ве молам, вие кој сте тука во Парламентот долго време, да барате се што треба пратеникот да има како материјал, како сознанија да може да одлучува, да биде документирано.

Затоа не да велите Халили предложил да се одложи оваа точка. Јас предложив прв, во дискусијата. А тој е втор. Да се запише тоа таму. Заради поените. Па утре, можби ќе имам можност во кариерата да напредувам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам, ќе ви запишеме поени.

Господинот Љупчо Јордановски бара збор.

Момент господине Јордановски, господинот Халими бара збор.

ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:

Јас не сум Халили, јас сум Халими.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Добро, кажте му, седи до вас.

Има збор господинот Јордановски.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВАСКИ:

Јас би сакал со неколку зборови, преку мојава дискусија да одговорам на некои дилеми, и да укажам на некои деловнички задолженија и одговорности на секој пратеник, бидејќи сме сега ние професионалци.

Имено, мнозинството на Комисијата, а сметам и опозицијата што ги имаше материјалите при одлучувањето и при дискусијата за секој поединец, немаШе ништо против компетентноста, па дури можам да кажам и партивноста или непартивноста на членовите што беа предложени, освен што им беше забелешката дека треба да постои и еден паритет. Уште еднаш ќе повторам, тоа што јас не можев да гоприфатам бидејќи тоа значи априори партизирање на една ваква комисија.

Што се однесува до материјалите и до материјалите што им фалат на пратениците јас реков дека до сега била пракса да се доставуваат само имиња на членови со кратка листа на нивни функции. Но, ќе ги потсетам пратениците дека овој Парламент е професионален Парламент, дека комисиите се јавни и отворени за сите членови на Парламентот, дека секој член на Парламентот кој не е член на комисијата има право да дискутира. Со тоа значи дека има право и да ги добие и ги има материјалите.

Ако комотноста наша ја гледаме и ја сфаќаме само дека - јас морам да ги добијам материјалите на самата седница, го прифаќам и тоа. Само, во тој случај, нема да

изградиме ни ефикасно ни рационално, па можам да кажам и Парламент што треба голем бро на закони или голема работа да одработи во идните четири години.

Заклучокот мој е дека секој пратеник, бидејќи е однапред информиран преку “Билтенот” која комисија кога заседава и кои се точки на дневен ред, да е толку заинтересиран а посебно за вакви важни одлуки, можел да присуствува и да ги имал на увид сите материјали врз основа на кои што комисијата полноправно и одговорно одлучи за овој предлог.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Има збор господинот Замир Дика.

ЗАМИР ДИКА:

Ви благодарам господине претседателе.

Почитувани заменици министри, колеги,

Лично мислам дека е многу значајно формирањето на оваа комисија и затоа сакам да учествувам во дискусијата токму за да ја нагласам, да го нагласам значењето на оваа комисија и нејзиното формирање.

Пред да го образложам она што јас сакам да го кажам, мојот став во врска со формирањето на оваа Комисија, што се однесува до процедурата сакам да кажам неколку зборови дека вашето право е господине претседателе да можете да преминеме на следната точка од дневниот ред а оваа да ја оставите за некоја друга седница. Мислам дека тоа не е некој голем проблем. Тоа е ваша обврска, како претседател на Парламентот.

Кога го слушав господинот Петковски, на самиот почеток, неговата дискусија беше многу рационална, тоа е мое мислење, но манирот на дискусиите од претходниот систем тие имаат право, овие имаат право, така се одвиваше таа дискусија. Неговиот аргумент беше дека за вас, за претходната позиција го донесе овој закон и ние ги имавме своите забелешки. Ние рековме дека не е во ред да се изврши вакво избирање на оваа комисија. Вие г. Петковски сега сте на позиција и зошто не неправите некоја разлика, или пак некоја промена, или пак направите некое подобрување на неколку членови од овој закон, а потоа да преминеме на процедурата на избор на комисијата без хипотеки и со еден општ консензус.

Како што е познато формирањето на комисијата е една законска обврска што произлегува од законот донесен на 18 април оваа година, имајќи предвид дека главните определби на гласачката платформа на актуелната влада една од определбите беше борбата против корупцијата. Јас ја прифатив позитивно оваа енергија и оваа тенденција за бескомпромисна борба против корупцијата како една болка, рак рака, тоа е една рак рана модерна на Балканот и во основа го разурнува функционирањето на системот на државата. Но, мислам дека не е доволно само да изразиме тенденција, наша енергија, за да се бориме против еден ваков феномен. Јас мислам дека треба после ова да дојде фазата каде што треба да се определи начинот како треба да се бори против ваквиот феномен и да се определат механизмите. Ние денеска сме во една фаза на определување на механизмот како треба да се бориме против еден ваков многу опасен феномен на Балканот.

Како прво, една дилема од дебатата во комисиите што успеав да ја следам. Еден предлог вели дека оваа комисија се формира за да се согледа корупцијата на претходната Влада. Јас треба да потсетам дека за секоја мината корупција постојат законски механизми. Тоа се Министерството за внатрешни работи, Министерството за финансии, што значи постојат легални органи кои што можат да ја разгледуваат секоја злоупотреба на државниот систем. Идејата за фомирање на ваква комисија и донесување на ваков закон е за да се спречи корупцијата. Добро се знае и во практиката е докажано дека корупцијата живее и се развива и таа корупција ја помага или учествува и гарнитурата која што владее. Речиси никогаш не може да биде толку голема и толку опасна предизвиката од опозицијата. Затоа мислам дека токму за да се покаже оваа коалиција дека нависитна има намера да се бори против корупцијата треба да тргне од самата себе си. Да определи механизми кои ќе бидат превенција на една можна идна корупција имајќи ги во предвид искуствата од минатото. И сега што се случува.

Во членовите 47 и 49 се вели дека Парламентот едноставно именува и гласа за членовите на Комисијата за борба против корупцијата. Претседателот на Комисијата за именување вели дека не сака априори ова тело да има партиски бои. Како определба јас го поддржувам, но на претседателот на Комисијата за именување му поставувам едно прашање - Вие господине дали сте апартиски, или пак сте претставник на една политичка партија. Мислам дека како такви сте во Парламентот. Предлогот на овие 7 имиња се дојден и од вас бидејќи не сте направиле консултации со опозицијата. Априори може да се рече дека ваквите предложи доаѓаат не од еден стручњак, или од еден член непартиски, туку од член на партија. Мислам дека не треба толку лесно да поминеме на наредната точка од дневниот ред и да гласаме за Комисијата, бидејќи значењето на

Комисијата е од големо значење и мислам дека не треба да поминеме само со една листа, со една партија, со имињата и кратките биографии на членовите на Комисијата. Не сакам да ја минимизирам улогата на оваа Комисија, една седница од 2-3 часа каде што набрзина се донесуваат одлуки. Мислам дека тоа не е начинот за работа во врска со оваа Комисија.

Јас мислам дека не е добро во врска со гласачите кои што гласале за коалицијата за борба против криминалот, или корупцијата, но мислам дека е потребна поголема сензитивност за да се разгледаат овие прашања кои се однесуваат за многу значајни прашања за општеството, за државата. Борбата против корупцијата е борба за сите нас. Ние против оваа болест треба сите да се бориме и целата виталност, целата енергија треба да ја насочиме и да се обидеме малку повеќе да најдеме еден консензус. Не да се откажеме со некоја нервоза дека предлогот на опозицијата, станува збор за квалитет, е нелогичен и ајде да поминеме на наредната точка од дневниот ред. Мислам дека оваа точка не ја заслужува оваа важност или ова значење. Не е добро оваа комисија да стартува со еден ваков хендикеп, хендикеп кој што јас го оправдувам бидејќи ние како политичка партија никако не сме учествувале во формирањето, во создавањето на оваа Комисија. Претседателот на Комисијата ги познава стручњаците кои се непартиски, а другите пак не знаат да предложат непартиски експерт или стручњаци. Ваквите дилеми се на стотици. Јас едноставно бидејќи сме во фазата на првите 100 дена на владеењето на Владата и рековме дека ќе бидеме конструктивна опозиција и овие наши сугестии ги даваме во форма на забелешка.

За вакви точки се од посебен интерес за функционирањето на севкупното општество мислам дека актуелната позиција треба да се обидува да ја има поддршката и на опозицијата, барем во врска со овие прашања.

Ова господине претседател ќе биде еден апел до вас доколку мислите дека е оправдано дебатата за оваа точка да се прекине и да се овозможи еден конструктивен дијалог и да најдеме едно решение кое ќе биде задоволително за сите. Јас верувам дека многу скоро ќе најдеме заеднички јазик за доброто на сите со една единствена цел да изнајдеме луѓе кои ќе бидат компетентни да се зафатат со оваа многу специфична, значајна и многу тешка работа.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Јас повторувам дека точката за да се повлече од дневен ред може тоа да го направи предлагачот на точката, јас тоа не сум, а да ја прекинам седницата и да ја

преместам оваа точка за друг ден не можам после одлуката на Парламентот тоа да не го прифати.

Има тројца пријавени дискутанти кои што веќе дискутирале. Костовски е прв? Се јавувате за реплика или за збор?

**ТРИФУН КОСТОВСКИ:**

Се откажувам.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Се откажувате, благодарам.

Се јави господинот Тито Петковски за реплика.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господинот Дика е пратеник од претходниот состав и за жал продолжува со реториката од претходниот состав на Парламентот. Јас тука не можам ништо да помогнам, меѓутоа имам обврска да констатирам дека секогаш во отсуство на аргументи и на релевантни аргументи се служи со етикетирање од типот реторика од претходниот систем.

Јас господине Дика реплицирав само во еден дел. Реков бевте со ситуација да обезбедите процедура како се избира Комисијата. Ние дававме тогаш и амандман како пратеничка група во опозиција и сакавме да се прецизира во кој период, кој ги предлага и дефинитивно како се избира Комисијата. Се немаше слух за таа работа и сега не терате ние да го менуваме Законот, што е многу посложена процедура.

Затоа реков во својата дискусија ова не може да се смета како конечно решение и непроменливо решение, мислам за членовите на Комисијата. А Законот ќе го менуваме заедно во процедура за која што ќе оцениме дека е пофункционална, подобра и во тие рамки можеме подоцна да разговараме и за поинаков состав на Комисијата.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Господин Дика имате збор за реплика од една минута.

**ЗАМИР ДИКА:**

Ви благодарам господин претседател.

Значи ние погрешивме во врска со овој Закон. Не сме биле совесни за да определиме на прецизен начин во врска со членовите на Комисијата и ги изгубивме

изборите. Ова не треба да биде ваше оправдување бидејќи вие сте погрешиле да продолжиме ние со вашите грешки. Да не ја минимизираме улогата на значењето на оваа точка од дневниот ред. Тоа е државна комисија за борба против корупцијата и доколку ние сме ги надминале, сме ги пробиле роковите за формирање на ваква комисија, доколку за две недели не ја формираме оваа комисија мислам дека нема да биде многу голем проблем од значење за мене да се постигне еден вид консензус за борба против корупцијата кој што ќе има навистина вистинска корупција и еднаш за секогаш против оваа болест да се бориме сите.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Му благодарам на господинот Замир Дика.

Јас барам збор.

Почитувани пратеници,

Дозволете ми како пратеник да го искажам своето мислење по оваа тема.

Јас ја очекував расправата по оваа точка да биде обемна и тешка, тоа вчера го најавија практично пратениците од опозицијата, овој пат неподелено и од Коалицијата Главата горе и од ДПА кога ја напуштија седницата на Собранието. Мислам дека тоа е исто така еден феномен на борба против актуелната власт со недоаѓањето, се разбира по мене апсолутно погрешен чекор, меѓутоа легитимен.

Јас сум уверен и како пратник и како претседател на овој Парламент дека ако има некои приоритетни работи на овој Парламент за овие 4 години за кои нема да има мандат од 4 години тоа е борбата против корупцијата. Напротив, за себе и за овој Парламент сметам дека нашиот мандат за борба против корупцијата не трае 4 години. Ние ќе имаме мандат од 12 месеци да ја запреме корупцијата која што се тркала како владина во Република Македонија или ќе го немаме мандатот останатите 3 години. Никој нема да не чека бидејќи сме добиле мандат 4 години постепено да се усогласуваме за борба против корупцијата. Ниту пак корупцијата во Република Македонија се случи во септември пред изборите. Корупцијата во Македонија е феномен како и во другите транзициски држави што почна да се тркала од повеќе партизмот. Со олабавување на контролата врз тоа што се случува со јавните средства, со се повеќе нелегитимни а се помалку легитимни методи на финансиско, трговско и друго работење во државата. Меѓутоа, исто така не сакам да заборавам дека Република Македонија во таквата своја патека во последните 4 години го доживеа врвот кој ниедна држава во светот не сака да го постигне. Ако бевме на некој пат каде сите други транзициони држави имаа системски проблеми и сопствени, субјективни проблеми, тогаш во последниве 4 години Македонија

се доведе во позиција субјективните проблеми во врска со корупцијата да не одведат на топ листата во Европа по степенот на корумпираност на нашата држава. И како човек кој седеше тука долго во опозиција имав многу контакти со меѓународниот фактор и со многу граѓани, со многу наши луѓе кои работат во институциите и сите посочувале дека нашиот главен проблем нема објективен карактер, не е некакви меѓунационални односи субјективни, не е степен на неразвиеност објективен, не е опкружувањето, не е проблем со името објективно со Грција, туку е наш личен проблем, проблемот на корупцијата и дека ние со него не се бориме. Колку изминуваат тие 4 години наместо корупцијата да се намалува откако се констатира дека ние на тоа место сме дојдени по сопствена волја на Владата која ја водеше државата во тој момент, ние практично одевме во ситуација секој нареден месец колку критиката на јавноста, колку критиката на светот се зголемува во врска со корупцијата нашата Влада буквално ја корумпираше државата со уште поголема прогресија во истиот правец. Секое укажување дека имаме корумпирана приватизација, коруптивни договори, корумпирани јавни набавки, корупциско работење на министрите значеше идниот пат уште подрско да се оди во уште поголема корупција и да ескалира во ситуација кога една коалиција ги губи изборите да го фати теснецот од 1 месец за конституирање на новата власт да ја докорумпира државата на најбескорпулозен начин. Јас ве уверувам дека практично денеска половина од министрите на претходната Влада кога ќе го спомeнеме името во јавноста првата симболика за нивното владеење е корупција, а не симболика на некакви добри или погрешни чекори во политиката. Има десетици министри кои се реконструирани, десетици директори на фондови, на јавни претпријатија чиј единствен ореол во јавноста е дека тие се министри, директори на корупцијата.

Се донесе закон со кој требаше ние да се бориме притив корупцијата кој закон во април, како што кажа господинот Петковски, овде практично тродневна војна водевме да почне барем да се применува веднаш. Законот само заради фактот дека Комисијата се одложи по 6 месеци да се формира, со можност уште првиот ден стана јасно кога се одби амандманот дека во рок од 30 дена, амандманот на тогашната опозиција, дека Комисијата ќе се конституира во рок од 30 дена се одби и се прифати амандманот на Владата во рок од 6 месеци. Стана јасно во тој момент дека намерата на таа власт е таа Комисија да ја конституира по изборите кои ги планираше во октомври, затоа што од април до октомври се 6 месеци. Стана јасно дека и во тие услови борба против корупцијата нема да има. Во меѓувреме нема партија што влезе во овој Парламент што има мандат да продолжи со корупцијата. Сега Македонија има два вида на проблеми. Приоритетниот проблем е луѓето кои ја преземаа власта, пред се

извршната власт, затоа што парламентарната сама по себе тешко се корумпира бидејќи нема извршни функции. Извршната влас има една огромна задача. Да се справи со корупцијата во идните 12 месеци според мене. Впрочем тоа беше и едно од првите зборови на господинот Црвенковски, кој што сега е премиер кога го даваше своето експозе.

Втората работа на Владата по мое убедување ќе биде да не убеди сите нас дека не само што нема да биде корумпирана, туку ќе се осврне и на изминатите 12, или 10 години, колку од Уставот поминаа за тие истите да сватат и ние дека ако денеска не се бориме нема да бидеме утре амнестирани од некој друг по истиот принцип. Владата има задача да се справи со корупцијата во минатото на законски начин. Владата има право и обврска да се справи со евентуалната корупција во идните 4 години и да ја елеминира. Владата ги има инструментите, ја има полицијата, Министерството за внатрешни работи. Тука е и обвинителот кој не е владин инструмент, меѓутоа тој е сериозен инструмент во борба против корупцијата. Ако немате обвинител како што треба нема борба против корупцијата. Нема процесирање во судството, што е единствената алка, преку него ќе помине или не. Ако тука се запре, ќе се запре. Го имате и судството, ја имате и комисијата. Комисијата не единствениот инструмент за борба против корупцијата. Не е ни најважниот, јас ве уверувам. Најважниот инструмент ќе биде соработката на Владата, на полицијата, на обвинителот, према судството, тие се на крајот независни. Меѓутоа ние сме должни да формираме уште еден орган кој што ќе не предупредува сите нас однапред кои сме на јавни функции дека не треба да работиме нешто што е во спротивност со законот.

Тука се изречени квалификации за луѓе. Јас мислам дека е апсурд на логиката да расправаме во Парламентот дека ќе избираме луѓе само што лично ги знаеме. Сега ќе се натпреваруваме кој кого знае во Парламентот. Ние избираме луѓе врз основа на некакви си препораки. Јас лично се заинтересирав за луѓето кои се именувани овде, како претседател, не добив информација дека некој од нив има кривична пријава за корупција, дека некој од нив е во процедура пред судство, пред обвинител, што ни говори за нивната чесност. Тоа што го читам од нив ми говори дека се компетентни да се борат со тоа. Верувајте уште нешто, иако можеби нема да верувате, бидејќи гледам дека нема клима да се прифати тоа. Јас до вчера така да се каже бев потпретседател на СДСМ.

Нема ниту еден член на СДСМ во оваа седум члена комисија. Тоа може некој да го оспорува. За мене тоа е јасен факт и ако најголемата позиционерска партија се одлучила да нема свој член, тогаш одлуката на ова Собрание ќе биде во насока да се департизира и таа е департизирана. А дали да се деполитизира? Таа логика како ние можеме да ја извлечеме? Неа мора да ја изгласа Собранието, мора да ја предложи Комисијата. Во Собранието седиме луѓе кои сме со политички ориентации. И ако одиме по таа логика назад на неполитизирање, ние практично да ги укинеме изборите како што некој кажа овде, да одиме на конкурс за пратеници и конкурс за министри. Ние имаме политички програми, тоа не разликува еден од друг. Јас си го земам правото, ако сум отишол на избори и сум втил дека една од првите работи ќе биде да се справиме со корупцијата и сум добил мандат. Не сакам да го испуштам тој механизам. Ќе се борам за таа комисија да биде таква каква што законот предлага и ќе бидам прв кој ќе & даде поддршка и мене и сите други да не контролира. Да биде навистина независна. Јас ве уверувам дека составот како што го гледам е состав на независни луѓе. На сите тука ни е јасно, иако некој се прави дека не ги познаваме кои се луѓето, на сите ни е јасно кои се тие луѓе кои се таму напишани. Сите биле поранешни истакнати функционери, или во стручностас истакнати и горе доле ги знаеме. Јас ве уверувам дека на тие луѓе треба да им се даде слобода од сите нас да почната да не следат како се однесуваме согласно со Законот за корупцијата и без никаков притисок да работат.

Сакам да укажам уште нешто. Ние сега имаме една алиби политика, мислам дека е предводена од опозицијата во Парламентот, дека ние треба сега уште да чекаме. На изборот на Владата господинот Андов како еден од лидерите на опозицијата не уверуваше во своето 12-минутно обраќање дека ние не треба да даваме програми за борба против корупцијата, затоа што така почнале аргентинските диктатори и завршиле во диктатура, па набројуваше во Етиопија Хајле Селасие се борел против корупцијата и завршил во диктатура. Пораката беше до господинот Црвенковски: немојте да ни кажувате дека се борите против корупцијата затоа што таа работа не дала ефект, или под текстот на таа дискусија е: одложете го тоа прашање. Јас ве уверувам дека тоае прашање не смее да се одложи. Начинот на кој опозицијата со ова прашање се справува во нашиот Парламент, прво, напушта собраниски седници, после напушта собраниски ккомисии, влегува само за да се потпише за патните трошоци и излегува. Не е начин за да се бориме ние против корупцијата и искрено да ви кажам, власта во РМ во овој момезнт веќе не може да каска зад опозицијата и да ја чека таа да се подготви за

борба против корупцијата. Власта има јасна визија, власта олицотворена во мнозинството во Парламентот и во Владата која е апсолутно под контрола на владеачките партии. Ние не можеме веќе да чекаме, ние не можеме веќе со денови, со месеци да се усогласуваме, да одложуваме расправи со цел опозицијата да се спреми да влезе во фазата кога е спремна да се бори против корупцијата. Моја оценка е дека опозицијата бара алиби, таа не е спремна да се бори со корупцијата, не е спремна, затоа што изникна кадровски врз крилата на корупцијата во оваа држава. Цела бивша влада на господинот Ѓорѓиевски седи на оваа страна во пратеничките групи. Јас не очекувам од нив искрена борба против корупцијата. Ќе ги засегне лично, ќе го засегне господинот Ѓорѓиевски. Прочитајте ги внимателно членовите што треба да ги спроведува Комисијата за спречување на корупција, какви надлежности таа има. Половина од пратеничката група која не сака да влезе на седница на Собрание ќе има проблем да објасни по тие членови на оваа Комисија што правела и што прави. Јас ја охрабрувам Комисијата, ја охрабрувам и со сегашната влада да постапува најригорозно со сите нас и во Парламентот најригорозно и ќе се обидам како претседател на Собранието да ја исклучам од секакви можни јавувања лично на нив после изборот ќе ги повикам на една средба и ќе им соопштам дека сте избрани во Собранието и дека секое јавување од било кој, кој е под надлежност на надѕор на таа Комисија првиот пат кога ќе ви се јави да ми соопштите мене, а јас тоа јавно на Собрание ќе го изнесам за да го исклучам притисокот врз нив, вклучувајќи го претседателот на државата, претседателот на Владата и сите нас. И верувајте дека така и ќе направам. Ќе ги охрабрам да ми соопштат за било какво јавување, барем еден од нив да соопшти. Меѓутоа, да прифатиме позиција во која сега ние треба да го одложиме процесот, да се смилува ВМРО-ДПМНЕ да се врати во Комисијата за избори и именувањата, да се смилува господинот Андов дека треба борба со корупцијата. ДПА да размисли сега во меѓувреме колку се тие членови кои треба да ги предложи таму. Тоа е фаќање на позиција на алиби која јас лично не можам да ја прифатам. Чувствувам како во опозицијата во РМ да има некаков скрием отпор, скриен страв нешто да не се случи, малку процесот ако може да се подзабави, нешто ако може да не оди како што тргнало. Овој Парламент има мандат да се бори против кокрупцијата и не треба да се крие дека тој мандат е политички мандат, борбата со корупцијата е политичка акција. Треба да се охрабрат Владата, Комисијата, обвинителот кои сите ние ги избираме да се борат против корупцијата, да се охрабри полицијата да ги гони корумпираните политичари, да ги спречи да се корумпираат оние кои тукушто ја

презедовме власта. И ако ние сега постојано создаваме ситуација, ама тие ќе бидат политизирани, незнам што ќе прават, да ги забавиме малку. Ние се молевме овде шест месеци Комисијата да се формира. Сега откако дојдовме во ситуација веќе да не сме во ситуација да го молиме господинот Ѓеорѓиевски и Андов за да ја формираме комисијата ја земаме во свои раце таа работа и ја формираме комисијата за да се бори. Добиваме сдознанија дека сега повторно треба да одложиме, дека сега треба законот, еве доаѓа предлог на оваа седница да се смени за да овозможиме нешто друго. Па тоа е цело време алиби ситуација во која ние нема да се бориме верувајте против корупцијата. Ве молам, ние имаме Комисија за избор и именувања, овој Парламент има. Па, имајте малку елементарна доверба и во Комисијата. Јас ги разбирам и пратениците кои немаат доверба во Комисијата. Меѓута, ако ние немаме доверба во сопствените работни тела, тогаш ние немаме доверба во самите себе. Имаме комисија за избори и именувања составена е паритетно, таа проценила. Меѓутоа, ние се обративме до опозицијата. Па, да ви кажам искрено преводите што ги добивме од опозицијата во еден дел се предлози кои јас лично не можам да ги прифатам. Поранешни министри и заменици министри од Владата која на изборите гласачите ја оквалификуваа како корумпирана, да ни се врати преку комисијата во борба за корупција. Ве молам, имаме мандат од граѓаните, од 2 милиони граѓани имаме мандат да се бориме против тоа, а не сега да ги вратиме заменциите министри и министри од бившата влада корумпирана во борба против корупција, алиби ситуација, тие да бидат таму. Ние бараме од ВМРО-ДПМНЕ како најголема опозициона партија да партиципира. Тие ни доставуваат висок државен чиновник. Предложениот кој е на листата, да не го кажам името бидејќи нема никаква потреба е висок државен службеник во оваа држава, е втор обвинител во државата, заменик на Републичкиот јавен обвинител. И да продолжиме со предлагање на членови на таа комисија на таа партија да ни ги достави поранешните заменици и министри против кои ние сакаме да се бориме против нивниот начин на работење. Ако опозицијата не може да го следи возот кој се движи побрзо од нив, ќе го остави тој да ја води играта. Ние немаме можност веќе да чекаме опозицијата да се консолидира, да сфати дека таму не може истите луѓе да бидат што биле корумпирани во борба против корупцијата, дека треба брзо да мисли, дека имале шест месеци по законот да мислат, дека имале месец и пол од конституирање на Собранието сами во комисијата за избори и именувања да предложат постапка за избор на членови. Никој не го спречува ни господинот Краљевски ниту другите кои се во Комисијата, уште пред месец  дена да доставиле

предлог согласно Деловникот, еве го нашиот предлог, бараме да се конституира комисија. А кога се достави предлогот, веднаш да се врати предлогот, веднаш нешто да се најде во него.

Ве молам, имам впечаток дека брзината на настаните и волјата и брзината на волјата за борба против корупцијата помеѓу позицијата и опозицијата отстапува и дека во овој случај позицијата, или мнозинството во парламентот не може да чека опозицијата во РМ да се консолидира, за да може таа да диктира темпо дека тој воз оди поспоро. Во тој случај РМ ќе го фати побрзиот воз. Во таа насока јас мислам дека апсолутно не треба да имаме никакви проблеми ниту морални од овој тип кои се наметнуваат дека комисијата треба да ја изгласаме. Треба да ја изгласаме денес што се вели во една демократска расправа се разбира согласно правилата и со чиста совест да & дадеме да се грижи да се спречи корупцијата во РМ.

Има збор господинот Замир Дика.

**ЗАМИР ДИКА:**

Би сакал да ве потсетам дека за жал помина времето на желбите, ветувањата и кампањата. Денес сме веќе во денот кога треба тие ветувања вие да почнете да ги реализирате, да се одредат механизмите и легитимните начини како тие ветувања и тие желби кои ги изразивте во текот на кампањата, како тие да ги реализирате. Искрено да кажам вие ветивте дека како претседател на Парламентот нема да бидете едностран, пристрасен, ќе се обидете да бидете што понепартиски. Меѓутоа, вашата дискусија беше навистина многу еднострана. Зборот опозиција беше постојано во вашата уста и мислам дека ова оправдување на вашите чекори дека опозицијата и кога не е во Парламентот и дека опозицијата е крива за с# и покрај фактот дека вие еден месец сте на власт, мислам дека тоа не е најдобар начин да се изнајдат начините за борба против овие феномени кои што се многу значајни во општеството. Немојте дас ја минимизирате улогата на оваа комисија за борба против корупцијата или другите механизми кои се во борбата против корупцијата, немојте да ги минимизирате. Овој механизам, оваа комисија може да е многу силна во борбата против корупцијата, но немојте да заборавате дека овој механизам може да биде и силен механизам за борба против некого, или да се злоупотреби некој. Значи, колку е значаен за борба против корупцијата, толку е и добар механизам за злоупотреба. А има и алиби за да се скрие една направена корупција, но има и алиби за кокрупција која сакате да ја направите. Вие веќе

изразивте едно алиби за оваа комисија. Но, јас сакасм да ве потсетам како опозиција и на другите алиби кои можат да постојат. Значи, мислам дека не е коректно само опозицијата да се обвинува. За формирањето на оваа комисија вашата задача е да покажете повеќе добра волја, повеќе чувствителност за поприоритетните проблеми, да дискутираме заедно за нив, да постигнеме заеднички консензус во борбата против овој феномен, против оваа болест и ќе имате наша безрезервна поддршка.

Што се однесува до Комисијата за именување денеска поминаа многу предлози. Ние гласавме, за. Значи ние не ја контестираме работата на овој орган, но само спориме колку лежерно и без сенс се одминува значењето на една многу значајна комисија за борба против оваа болест.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Ви благодарам, јас прокламирав моја политичка рамноправност како право на сите пратеници рамноправно да работат и да не преферирам никого. Меѓутоа, ако сте сфатиле дека тоа значи моја политичка неутралност, погрешно сте ме сфатиле. Моите размислувања се врз основа на тоа за што сум избран овде.

**ЗАМИР ДИКА:**

Господин претседател, јас ја разбирам вашата политичка припадност и имам почит за тоа. Меѓутоа, мислам дека претседателот на Парламентот со цел да покаже дека не е еднostран при процедурата. Вие сте биле свесен кога сте ја дале вашата декларација дека некои ваши внатрешни убедувања не треба да ги идскажете на тој начин, затоа што на тој начин навистина ќе се покажете како еднострап. Јас ги разбирам вашите политички убедувања. Но, со цел за да бидете што понееднострап, непристрасен при процедурата треба што повеќе ваши лични забелешки и кога објаснувате некои феномени, мислам дека начинот на објаснување треба да е малку понепристрасен. Ова е мое мислење. Вие имате право да мислите како сакате.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Ви благодарам за вашето мислење.

Со оглед на начинот на кој работиме има уште шест - седум пријавени за дискусија, а имаме и други точки. После дискусијата на господинот Абдулади

Вејсели ќе дадам пауза за ручек и ќе продолжиме после 60 минути. Тоа така и Деловникот го бара од нас.

Има збор господинот Абдулади Вејсели.

**АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници,

Ве поздравувам сите. Но, господине претседател пред с# пред да навлезам на темата во врска со дебатата која ја почнавме, би сакал во мое лично име и во името на партијата која ја претставувам тука ПДП на сите припадници на исламската вероисповест да им го честитам Рамазан. Господине претседателе треба да имате предвид дека во 16,30 часот се вечера, значи пратениците со исламска вероисповест треба да вечераат. И затоа за нас тоа е неприфатливо и треба да најдете некој компромис паузата за ручек да не биде сега, туку парламентарната сесија да заврши некаде околу 15,30 часот, затоа што ние поради нашата верска церемонија нема да бидеме во можност да продолжиме да учествуваме на сесијата на Парламентот после 15,30 часот. Мислам дека ова треба да се прифати и дека е прифатливо за албанските парламентарни групи во парламентот, но верувам дека ќе ни дадат подршка и другите парламентарни групи од другите политички партии кои се во овој парламент и дека ќе се почитува нашата верска церемонија.

Господине претседател, денес се отвори една дебата во врска со една многу значајна тема која не е значајна само денес и не треба само денес да разговараме за една ваква тема, туку оваа тема требала да се отвори многу порано. Меѓутоа, заради недостаток на политичка волја од поранешната власт, или сегашната опозиција да се донесе еден ваков закон за разгледување на работата на функционерите, поранешните функционери имајќи предвид дека Македонија од ден на ден с# повеќе се наоѓаше во една незавидна ситуација и зафаќаше прво место во однос на корупцијата, имајќи го во предвид притисокот, меѓународниот притисок кој беше извршен од страна на меѓународната заедница. Ние постигнавме да подготвиме еден закон за борба против корупцијата со што се регулира борбата против корупцијата кој би бил добар не само за Македонија, туку за секоја земја во транзиција. Законот се одобри од Парламентот и со него се регулира исто така и формирањето на комисијата која треба да се избере од Парламентот и начинот на кој таа комисија ќе работи. Иако сите рокови се пробиени за конституирање на оваа комисија, сепак мислам дека не е доцна и дека треба да се подржи еден таков

предлог и од парламентарната комисија за избор и именување за да се предложат можните кандидати и да се подржат кандидатите кои навистина со голема свест и совесност кои знаат дека немаат само бенефиции од ова, туку имаат и обврска дека тоа ќе биде тешка работа во една земја во транзиција и во една земја каде што корупцијата е навлезена во сите пори на општеството и свесни дека ќе имаат многу тешка работа после формирањето на оваа комисија. Исто така се согласувам со сите оние кои велат дека освен оваа комисија која ќе се предложи од овој Парламент ќе треба да работат и другите институции за да се постигне тоа што е прифатливо.

Сите ние знаеме дека како Македонија се стремиме кон тоа да станеме дел на европското семејство, да станеме дел од разни меѓународни асоцијации, а оваа работа не може да се постигне доколку не ги исполниме условите постаавени од западниот свет, од меѓународниот фактор. Доколку во Македонија не дадеме приоритет на војната против корупцијата во оваа смисла сите треба да бидеме свесни дека со ова нема да се опсервираат, да се надгледуваат само оние кои доаѓаат, туку и оние кои веќе си заминаа затоа што вие добро знаете дека имавме неколку дневна дебата овде во Парламентот, тоа беше спомнато од некој во салата дека формирањето на Комисијата дали ќе се направи со усвојувњето на законот или после шест месеци, затоа што тоа беше направено само во обид за да се добие во време.

Затоа ги молам сите пратеници било од позиција или од опозиција дека треба да ги доближиме нашите ставови и треба да изнајдеме заеднички јазик затоа што е ова услов за Македонија, услов за иднината на нашите деца и ова е неопходно за издигнување на стандардот на граѓаните во иднина затоа што поинаку не може, поинаку ќе не игнорираат и изолирааат сите и ќе останеме како една корумпирна земја.

Имајќи ги преддвид сите различни односи и мислења кои доаѓаат од меѓународниот фактор треба заедно да се бориме против овој феномен и да ги изнесеме на вистинскиот пат со цел да се намали големата сиромаштија која е реалност во Република Македонија.

Неодамна ги имавме изборите, учествувавме на изборите, контактиравме со нашиот електрорат, со граѓаните, бевме сведоци во каква состојба е нашиот електрорат, нашиот граѓанин. Знаете дека има луѓе во големо мнозинство кои не можат да обезбедат егзистенција од први до први во месецот, па во оваа насока треба повторно борејќи се против корупцијата ќе го зголемиме бројот на

вработените, ќе ја намалиме невработеноста и како ќе се зголемува бројот на вработените, а како ќе се зголеми кога знаеме дека нема странсаки инвестиции, а доколку имало странски инвестиции во изминатиот период тоа се само фиктивни имиња на македонски фирми кои стојат зад тие фиктивни странксси инвеститори.

Значи, со овој закон ние ќе отвориме пат на странските инвестиции, ќе отвориме нови вработувања затоа што мислиме дека е ова единствената иднина на сите нас независно од националната припадност или верската припадност,

Исто така ќе истакнам и ќе се согласам во оваа смисла со некои дискутанти кои не дека има забелешки, јас лично немам забелешки во врска со имињата на кандидатите на комисијата кои ги предложи Комисијата за прашања на изборите и именувањата, најголем број од нив ги знам затоа што тоа беа луѓе присутни во јавниот живот, тоа се познати експерти од нивните области поточно од правото и би било добро доколку Комисијата за именување на дополнителен начин детално да ги информира и другите пратеници кои не се членови на оваа комисија со цел да бидат запознаени со нивната активност затоа што најголем број од нив се луѓе кои работат во институции, кои се возрасни, кои имаат искуство од обласа на економијата и правото. Со цел да не дозволиме простор за дилеми мислам дека оваа комисија нема да и биде тешко да го направи тоа затоа што ние ќе треба, а ќе се согласам со сите кои мислат во оваа насока треба да има кратка биографија за сите овие лица без притоа да се допре до нивниот интегритет. Мислам дека партиите кои го добија мнозинството на изминатиот избор имаат право не да дадат партиски лица, туку имаат право да предложат членови затоа што нема друг начин како да се предложат. Тие се сепак експерти кои припаѓаат на политички партии не од некоја политичка провиниенција со тоа што би штителе еден или друг. Како што видовме има еден заменик обвинител кој е предложен иако бил поддржан од минатата власт тој е предложен како член на оваа комисија за борба против корупцијата. Мислам дека не треба да ги етикетираме овие луѓе кои се предложени во комисијата, да ги етикетираме со тоа што ќе кажеме дека припаѓаат на одредена политичка партија. Јас мислам дека тие се експерти од одредени области, експерти во нивните области и мислам дека при нивната работа нема да претстсвува приоритет нивната политичка припадност, туку повеќе борба против овој феномен кој ќе не врати на вистинскиот пат, ќе не врати на тоа што е тенденција и стремеж на сите граѓани на Република Македонија, а тоа е наскоро да ја постигнеме целта.

Не треба да имаме илузии дека може корупцијата од корен да се искорени затоа што тоа е многу тешка работа, тоа е феномен присутен и во поразвиените

земји, да не седиме со скрстени раце и да се бориме против овој феномен велејќи дека тој не може да се искорени во помодерни земји само со констатирање на тој факт не правиме ништо, само си наштетуваме. Ние треба да работиме во насока корупцијата да биде што помала кон јавните набавки, во администрацијата. Во медиумите веќе сме виделе колку малверзации се правени во тек на разни тендери при јавни набавки. Мислам дека оваа комисија треба да се заземе за овие прашања, но не само со минатото, инаку занимавајќи се само со минатото оваа комисија ќе ја стви во ситуација сегашната влада да се плаши да влезе во некаква коруптивна активност. Мислам дека оваа комисија треба да помогне да биде прифатена од Парламентот, меѓутоа, се согласувам дека Комисијата треба да биде непристрасна и треба да ги штити интересите на еднаков начин и да се бори против корупцијата независно од тоа кој ја има извршено во минатото, сегашностс и иднината. Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам и јас.

Дозволете да апелирам до пратениците кои говорат на албански јазик додека говорат да имаат предвид дека тече симултан превод. Брзината на говорот да ја приспособат на преведувачите да можат да следат инаку не можат доследно да ве интерпретираат. Господинот Вејсели зборуваше многу брзо.

Парламентот работи секој ден од 10,00 до 17,00 часот, таква ќе биде динамиката на работата со еден час пауза. Со оглед на тоа што кажавте во врска со верските празници предлагам сега да направиме пауза од 30 минути до 14,30 часот па потоа ќе продолжиме со работа до 15,30 или 16,00 часот од прилика за да го довршиме започнатото..

(Седницата прекина со работа во 14,00 часот, а започна по паузата во 14,40 часот).

:Продолжуваме со работа.

Збор има господинот Исмет Рамадани.

ИСМЕТ РАМАДАНИ:

Почитуван претседателе, дами и господа, сакав и јас да дадам свој придонес во формирањето на оваа комисија за која го делам мислењето на другите дека е многу различна, многу значајна комисија. Исто така го делам мислењето со оние кои мислат дека не треба да се формира оваа комисија да кажам анпасан, односно набрзина затоа што јас не ја гледам оваа работа како привилегија, не гледам дека

работата ќе биде лесна за оваа комисија и затоа искрено кажано го искажувам мојот респект на тие што се нафатиле со една ваква тешка работа за да се борат против корупцијата во ова наше општество.

Во овој момент самиот закон, со членовите 47 и 48 на некој начин го определуваат начинот за формирање на оваа комисија. Со оглед на тоа независно од фактот колку денеска ќе дискутираме, независно колку интересен ќе изгледа фактот дека има несогласувања меѓу позицијата и опозицијата кои даваат смисла на парламентаризмот сепак има една работа која треба да се разбере, правилата се веќе одредени за избор на оваа комисија, значи со фактот дека тие се предлагаат од страна на Комисијата на прашањата на избори и именувања покажува дека самиот предлог минува низ присутните во таа Комисија за избори и именувања кои се пратеници. Кога ги гледам личностите што се предложени некој може да се запраша колку се партиски припадници или колку се исполитизирани, јас го делам мислењето на оние кои велат дека е тешко денеска да се најде човек со кредибилитет интелектуалец кој мисли со сопствена глава, човек кој претствува афторитет и да нема политичко убедување. Затоа на самиот почеток треба да ја тргнеме оваа дилема и затоа треба да се разбере секој предлог кој ќе помине преку Комисијата за избори и именувања во одреден момент ќе се изрази сомнеж кај другата страна во овој случај опозицијата во однос на тоа колку тоа лице има партиска припадност или тежнее кон одредено парламентарно мнозинство.

Исто така треба да се има на ум дека може многу да бараме луѓе без политичка припадност, а да ја вршат оваа работа, тоа ќе биде многу тешко и не треба да имаме предрасуди од самиот старт во однос на овие личности. Со оглед на фактот дека тие се избрани, предложени, нивната работа ќе зависи од методологијата која тие ќе ја изградат, какви критериуми ќе воспостават и каква соработка ќе има со органите кои беа пред малку спомнати од претседателот на Парламнтот како што е обвинителството, полицијата и судовите.

Затоа тука би имал само една порака оваа Комисија да биде избрана што е можно поскоро и што поскоро да отпочне со работа. Тоа што ние го нарекуваме антикорупција веќе доцниме со фактот, таа комисија треба веќе да почне да работи со самиот факт што Парламентот ја избира таа комисија ние ќе имаме можност и шанса да ја следиме од блиску нивната работа како Парламент, како пратеници и потоа ќе судиме и ќе ја оценуваме нивната работа. Едно знам дека борбата против корупцијата или за спречување на корупцијата е една многу тешка борба и работа и

треба да дадеме голема поддршка како пратеници и сите институции кои можат да помогнат во оваа насока треба да ја дадат својата поддршка. Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам на господинот Рамадани.

Збор има господинот Љубисав Иванов - Ѕинго, но не е присутен.

Господинот Благој Голомеов, но и тој не е тука.

Продолжуваме со расправа.

Дали некој друг бара збор, со оглед дека нема други пријавени?

(Нема).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот.

Пред да ја ставам одлуката на гласање ве молам да ги повикате пратениците што се надвор, а службите да ми кажат за бројот на присутните пратеници.

Продолжуваме со работа.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 71 пратеник, за Одлуката гласале 67 пратеници, 1 се воздржал и 3 гласале против одлуката.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за именување на членови на Државната комисија за спречување на корупцијата.

Минуваме на точка 15 - Предлог на одлука за именување членови на Управниот одбор на Фондот за здравствно осигурување на Македонија.

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Има збор госпоѓата Каролина Ристова.

**КАРОЛИНА РИСТОВА:**

Почитуван претседател на Собранието, почитувани колеги и колешки пратеници,

Јас имам една забелешка или резерва во однос на оваа одлука, не толку во однос на персоналниот состав, туку повеќе од принципиелен карактер. Имено, во однос на структурата на предложените членови за Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување, во делот за претставници на осигурениците, како што можам да видам од овие кратки податоци овде, од шест предложени

членови како претставници на осигурениците, тројца се лекари по професија. Сега не сакам да прејудицирам дали овие конкретни личности, кога ќе работат во рамките на Управниот одбор, ќе ги застапуваат вистински интересите на осигурениците или повеќе ќе претежнат кај нив влијанијата или интересите на својот еснаф, односно на својата професија. Можеби ова не е коректен предлог од аспект на тоа што законодавецот, кога определил дека осигурениците треба да имаат свои претставници, не мислел дека половина од нив треба да бидат лекари по професија. Ова особено има тежина од аспект на тоа што токму една од најболните точки во нашето јавно здравство е постојаната критика дека гласот на осигурениците воопшто не се слуша кога се разговара за нивните интереси и потреби во однос на здравствените услуги.

Целта на мојата дискусија е да упатам апел до предлагачите во релевантни ситуации, во ситуации кога се предлагаат други управни одбори каде што треба определени структури да бидат застапени, во иднина, тоа да се врши на еден реален начин. Во оваа конкретна ситуација сепак ќе имам верба и ќе гласам за. Но, како принципиелна забелешка сакам да кажам дека во иднина, доколку не се почитуваат тие структури на вистински начин, јас би била против.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по точката на дневен ред.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

(По гласањето)

Вкупно гласале 72 пратеници, од кои 68 пратеници гласале за, тројца пратеници се воздржале од гласањето и еден пратеник гласал против.

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за именување членови на Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија.

Бидејќи дневниот ред на денешната седница е исцрпен, ја заклучувам Третата седница на Собранието на Република Македонија, а оние пратеници на кои денес им го верификувавме мандатот, ги повикувам на краток протоколарен прием кај мене.

(Седницата заврши во 14,55 часот)